РЕШЕНИЕ
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Министерство за транспорт и врски, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј на: КП 5000-дел, КП 2459-дел, КП 2458-дел, КП 2456, КП 2455-дел и КП 2147, КО Србица вон град, Општина Кичево.**

На овој простор ќе се определи градежна парцела за изградба на фотонапонска електроцентрала со потребни пратечки содржини со наменска употреба на земјиштето:

– Група на класи на намени: Г - рударство, енергетика, индустрија;
– Основна класа на намена: Г3 - индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори;
– Г 3.7 - ветерни електрани, сончеви електрани, мали хидроелектрани, електрани на биогориво и сл.

Површината на планскиот опфат изнесува 18,3 ha.

Локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот се наоѓа во граници на Просторниот план на регионот на сливот на реката Треска заради што е неопходно да се почитуваат планските определби од овој регионален просторен план.

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. **Y00221** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј на: КП 5000-дел, КП 2459-дел, КП 2458-дел, КП 2456, КП 2455-дел и КП 2147, КО Србица вон град, Општина Кичево**, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј на: КП 5000-дел, КП 2459-дел, КП 2458-дел, КП 2456, КП 2455-дел и КП 2147, КО Србица вон град, Општина Кичево** потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Донесувачот на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј на: КП 5000-дел, КП 2459-дел, КП 2458-дел, КП 2456, КП 2455-дел и КП 2147, КО Србица вон град, Општина Кичевое** должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), во која треба да се образложени причините за спроведувањето односно неспроведувањето, на начин и постапка пропишани со Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 39/16, 99/18)

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј на: КП 5000-дел, КП 2459-дел, КП 2458-дел, КП 2456, КП 2455-дел и КП 2147, КО Србица вон град, Општина Кичево**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерство за транспорт и врски, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 33347 од 31.12.2020 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј на: КП 5000-дел, КП 2459-дел, КП 2458-дел, КП 2456, КП 2455-дел и КП 2147, КО Србица вон град, Општина Кичево**. Површината на планскиот опфат изнесува 18,3 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј на: КП 5000-дел, КП 2459-дел, КП 2458-дел, КП 2456, КП 2455-дел и КП 2147, КО Србица вон град, Општина Кичево** и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 98/2021 од28.01.2021 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј на: КП 5000-дел, КП 2459-дел, КП 2458-дел, КП 2456, КП 2455-дел и КП 2147, КО Србица вон град, Општина Кичево**, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија" и Просторниот план на регионот на сливот на реката Треска, претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј на: КП 5000-дел, КП 2459-дел, КП 2458-дел, КП 2456, КП 2455-дел и КП 2147, КО Србица вон град, Општина Кичево** и одлучи како во диспозитивот.

Упаство за правно средство: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје Shkup Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Republika e Maqedonisë së Veriut

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Неби Рецели

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј на: КП 5000-дел, КП 2459-дел, КП 2458-дел, КП 2456, КП 2455-дел и КП 2147, КО Србица вон град,
ОПШТИНА КИЧЕВО

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Министерство за транспорт и врски

Тех. бр. Y00221

Раководител на задачата:
м-р Кристина Николовска, д.и.а

Координатор:
Срѓан Дурлевиќ, д.ш.и

Makedonski Telekom CA, Srgjan Durlevikj
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Srgjan Durlevikj
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=Agencija za planiranje na prostorot:4030005576521, serialNumber=CRT1580762, cn=Srgjan Durlevikj
Date: 2021.01.22 15:26:51 +01'00'

Помошник раководител на сектор за ИТ и инфраструктура:
м-р Соња Георгиева Депинова, д.г.и.

Sonja Georgieva Depinova
Digitally signed by Sonja Georgieva Depinova
DN: o=Agencija za planiranje na prostorot, c=MK, email=s.georgieva@app.gov.mk, sn=Georgieva Depinova, givenName=Sonja, cn=Sonja Georgieva Depinova
Date: 2021.01.26 12:26:23 +01'00'

Агенција за планирање на просторот

Директор
м-р Андријана Андреева, д.и.а.

Andrijana Andreeva
Digitally signed by Andrijana Andreeva
Date: 2021.01.26 12:59:22 +01'00'

Скопје, јануари 2021

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј на: КП 5000-дел, КП 2459-дел, КП 2458-дел, КП 2456, КП 2455-дел и КП 2147, КО Србица вон град,

ОПШТИНА КИЧЕВО

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето Просторниот план се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Сл. весник на Република Македонија", бр. 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на градот Скопје, како и со урбанистички планови за населените места и **друга документација за планирање и уредување на просторот**, предвидена со закон.

За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **Решение за услови за планирање на просторот**.

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Условите се наменети за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј на: КП 5000-дел, КП 2459-дел, КП 2458-дел, КП 2456, КП 2455-дел и КП 2147, КО Србица вон град, Општина Кичево.**

На овој простор ќе се определи градежна парцела за изградба на фотонапонска електроцентрала со потребни пратечки содржини со наменска употреба на земјиштето:

- Група на класи на намени: Г - рударство, енергетика, индустрија;
- Основна класа на намена: Г3 - индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори;
- Г 3.7 - ветерни електрани, сончеви електрани, мали хидроелектрани, електрани на биогориво и сл.

Површината на планскиот опфат изнесува 18,3 ха.

Y07719 – Државна урбанистичко-планска документација за изградба на фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј;

Y00121 – Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на регионот на сливот на реката Треска.**

Основни определби на Просторниот план на Република Македонија

Основната **стратешка определба** на Просторниот план е остварување на повисок степен на функционална економска и социјална интеграција на Регионот, поврзување со соседните простори пооделно и Републиката во целост, решавање на развојните, просторните и еколошките проблеми.

Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Една од основните стратешки определби на Просторниот план на Република Македонија е приоритетот за заштита на водите од прва и втора класа, од кои е предвидено да се врши водоснабдување на населени места. Заштита на квалитетот на водите во сливот на река Треска, како една од најважните резерви на чиста вода во Републиката, треба да претставува организиран систем на техничко-технолошки мерки и водење соодветна водостопанска и економска политика на просторниот развој.

Проблемот од недостиг на вода може да се реши со префрлање на вишокот на водите од еден во друг слив, односно од богати во сиромашни водостопански подрачја. За таа цел со Просторниот план на Република Македонија зацртано е решение за изградба на Регионален водостопански систем (РВС) “Треска”.

Во планските решенија, посебно внимание да се обрне на:

- Заштита и користење продуктивното земјоделско земјиште за примарно производство;
- Заштита и унапредување на природните и рационално користење на создадените добра;
- Дефинирање на принципи и критериуми за донесување на инвестиционите одлуки и избор на локации за нови стопански објекти;
- Создавање предуслови (техничко-технолошки, просторно-функционални и др.) за усогласено функционирање на сите инфраструктурни и други системи;
- Дефинирање на насоки за развој на населбите и нивното комунално опремување;
- Зачувување на водите со квалитет од прва и втора класа;
- Воспоставување на комплетен систем за управување со отпадни води и цврст отпад;
- Концептуална рамка за изработка на нови и ревизија на постојните просторни и урбанистички планови на предметното подрачје, како и за изработка на други планови, програми и техничка документација;
- Дефинирање на рационален и оптимален модел за организација на Регионот.

Состојбата на животната средина и еколошките барања се важен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Катастарска граница

Општинска граница

Фотонапонска електроцентрала-Y07719

Фотонапонски електроцентрали-Y00121



Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Се изработува Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење во КО Србица вон град, Општина Кичево**.** Предметната локација се наоѓа северозападно од населено место Шутово и југоисточно од населено место Кичево на надморска височина од 678 метри.

Клима

Територијата каде се наоѓа предметната локација е под влијание на планинска и умерено континентална клима. Умерено континенталната клима се карактеризира со умерено топли лета и свежи зими. Врнежите се со преоден медитерански плувиометриски режим. Планинската клима се карактеризира со свежи лета и свежи зими.

Просечната годишна температура изнесува 11,0^{o}C (апсолутна минимална -25,7^{o}C и апсолутно максимална 28,0^{0}C), во рамничарскиот дел и 4°C на планините Челоица (Добра Вода). Амплитудата од апсолутно минималната до апсолутно максималната изнесува 53.7^{0}C. Просечно најстуден месец во годината е јануари, со температура од 0.5^{0}C, а најтопол месец е јули со 21^{0}C. Периодот со температура над 10^{0}C што претставува вегетационен период, трае од 10 април до 26 октомври или 199 дена во рамничарскиот дел, и 120-150 дена на планините. Мразниот период просечно годишно трае 155 дена (од 5 ноември до 6 април), а вистинскиот број на денови со појава на мраз изнесува 77.4 дена.

Просечна годишна количина на врнежии изнесува 763mm, а на највисоките делови на Бистра и другите планини тие достигнуваат до 1000mm. Најголеми количини на врнежи паѓаат во ноември, а најсушни месеци се јули и август. Снежните врнежи учествуваат со 35% во рамничарските терени, до 55% на планинските делови. Во овој реон снежниот период просечно годишно трае 72 дена, а на планините 120 дена.

Во однос на воздушните струења, најчест ветер е северот со 161‰ и југот со 140‰ со брзина на дување 1,8m/s средна јачина и максимална од 8 бофори и јужниот со средна јачина од 1,9m/s и максимална од 8 бофори. Други ветрови по честина се североисточни со 86‰ и југозападниот со 63‰, источниот со 39‰ и западниот со 20‰. Брзината на сите ветрови е од минимум 1.6m/s до 2.3m/s средна јачина и максимална од 6-8 бофори. 6 бофори источниот и североисточниот ветер, до максимални 8 бофори северниот, јужниот и југозападниот ветер.

Сеизмички, предметната локација припаѓа на подрачја подложени на чести и јаки земјотреси, предизвикани од локалните и подалечните епицентрални жаришта. Во ова подрачје можни се потреси со јачина до 8^{0} по М.К. скала.

Податоците се од мерна станица Кичево.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на производните и услужни дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во “Националната стратегија на економскиот развој”, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на економските дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот припаѓа на планскиот опфат на “Просторниот план на регионот на сливот на реката Треска” заради што е неопходно да се почитуваат и планските определби од овој Регионален просторен план.

Економскиот развој на Регионот во наредниот период треба да базира на спецификите и компаративните предности на просторот со максимално искористување на можностите за отварање мали и средни капацитети засновани пред сé на потенцијалите, преферирајќи ги оние производни и услужни дејности кои не се во колизија со критериумите за заштита и одржлив развој на Регионот.

Насочувањето на организацијата и просторната дистрибуција на производните и услужни дејности во Регионот се темели на новиот пристап на контролиран плански развој поставен врз принципите на одржлив развој со што примарен станува квалитетот на животното окружување, односно повнимателен однос спрема природните, културните и создадените ресурси. Врз овие основи, поттикнување на економскиот и севкупен развој на Регионот, може да се постигне со селективна алокација на инвестициите, подобра сообраќајна поврзаност, со комунално опремување и изградба на објекти на општествен стандард, со даночната и кредитна политика, со политика на зголемување на инвестиции итн.

Во структурата на економијата на Регионот носечка економска дејност во плански период останува индустријата која ќе се темели на постојните капацитети и видови на индустрија, со натамошен развој на нови чисти технологии со кои ќе се запази животната средина и ќе се намалат сите видови ризици на повредливост на просторот.

Со насоките и определбите за развој и разместеност на производните и услужни дејности, треба да се овозможи економски просперитет на населението и населбите на подрачјето на Регионот. Развојот на економијата се насочува кон алоцирање на производни технологии коишто не се во конфликт со режимот на заштита на овие простори, а разместеноста на економските капацитети и нивна просторна организација се базира на комбинираниот приод на дисперзијата во просторот и концентрација на економските дејности на одделни места.

Со разместувањето на економските дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Кичево со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање на просторот.

Развојните полови како поврзани единици во некаква "линија" ги формираат оските на развојот кои во минатото се формирале во зависност од географските карактеристики на просторите, т.е. според релјефот, теченијата на реките и слично. Во денешно време доминантно значење имаат деловните односи, комуникациите како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Република Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантни за Општината на чиј простор припаѓа локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот се две развојни оски: "Северната" и "Западната".

"Северната развојна оска" се формирала по Втората светска војна во северниот и западниот дел на државата и ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Кичево - Гостивар - Тетово - Скопје - Куманово - Крива Паланка. Оваа оска продолжува на исток кон Ќустендил – Р.Бугарија и на запад кон Елбасан – Р.Албанија.

Во западниот дел на Република Северна Македонија има добри изгледи да се оформи и една "Западна развојна оска" која досега воопшто не е споменувана, поаѓа од Дебар преку Кичево и Демир Хисар и стигнува до Битола, а во продолжение до Лерин и натаму. На запад продолжува кон Пешкопеа – Р.Албанија. Во перспектива, развојот ќе го потврди и унапредува значењето на оваа оска.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економските дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, **заштита на природните и создадени ресурси и богатства,** сообраќајно и информатичко поврзување, **локациона флексибилност** и почитување на објективните фактори на развојот.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да се базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

Реализацијата на предвидениот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј, КО Србица вон град, Општина Кичево, ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).

Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина за стопанска намена.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено - економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

Согласно Просторниот план на Република Македонија, просторот на РМ е поделен во 6 земјоделско-стопански реони и 54 микрореони.

Предметната локација припаѓа на западниот земјоделско стопански реон со 7 микрореони.

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренаменатa на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Согласно Просторниот план на Република Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Републиката е земја сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за "воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП „Полог", „Скопје", „Треска", „Пчиња", „Среден Вардар", „Горна Брегалница", „Средна и Долна Брегалница", „Пелагонија", „Средна и Долна Црна Река", „Долен Вардар", „Дојран", „Струмичко Радовишко", „Охридско - Струшко", „Преспа" и „Дебар". Оваа поделба овозможува пореално да се согледаат расположливите и потребните количини на вода за одреден регион.

Просторот на кој се предвидува изградба на фотонапонската електроцентрала со моќност до 10 MW на локација Осломеј, КО Србица вон. г.р., Општина Кичево, се наоѓа во **водостопанското подрачје (ВП) „Треска"** кое го опфаќа сливот на реката Треска.

Во Р.С.Македонија регистрирани се 4414 извори од кои 58 се со издашност над 100 l/s, а 18 од нив се во сливот на реката Треска. Тука најзначајни извори се: Извор (Треска), Студенчица, Питран, Пешница и Белица. Извор (Треска) има штедрост од 3 m^3/s, а Белица и над 6 m^3/s.

Сливот на реката Треска го карактеризираат водотеци со висок квалитет на водата и голема издашност. И по покривањето на потребите од вода на потрошувачите во сливот и во сушни периоди остануваат вишоци на вода кои би можеле да се искористат за водоснабдување на регионите во Републиката кои се сиромашни со вода.

За таа цел со Просторниот план на Република Македонија зацртана е изградба на Регионален Водостопански Систем (РВС) „Треска", со кој ќе се зафаќаат води од сливот на реката Треска и ќе се префрлуваат кон Источна Македонија, односно ќе се покриваат потребите во ВП „Скопско", „Пчиња", „Средна и Долна Брегалница" и „Струмичко Радовишко".

Поради зацртаното планско решение потребно е превземање на мерки и водење на соодветна политика во просторниот развој на целиот слив на реката Треска со цел да се зачува и заштити квалитетот на водите како една од најголемите резерви на чиста вода во Република Северна Македонија.

Водотеците во сливот на реката Треска покрај тоа што се одликуваат со голем протоки и висок квалитет на водите со својот потенцијал даваат можности за изградба на повеќе акумулации. Врз основа на досегашните истражувања покрај постојните акумулации „Матка I", „Козјак" и „Света Петка" постојат услови за изградба на акумулациите „Калуѓерица" на реката Треска кај

вливот на Мала Река, „Грешница" на Бачишка Река, „Брод" во Бродска Клисура возводно од населбата Македонски Брод и акумулацијата „Подвис**"** возводно од Кичево.

Покрај овие повеќенаменски акумулации се предвидува и изградба на повеќе мали акумулации на реките: Рабетинска, Бачишка, Туинска, Суводол, Клисура, Крапска, Дреновска, Ботушка, Томина Река, Мала Река.

Изградбата на фотонапонската електроцентрала каде ќе се користи сончевата енергија и расположивиот хидроенергетскиот потенцијал во сливот на реката Треска како обновливи ресурси за производство на електрична енергија ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на регионот во согласност со принципите на еколошко и одржливо искористување на природните ресурси.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Република Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Републиката. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Републиката над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Републиката досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Локацијата наменета за **изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW и потребни пратечки содржини со наменска употреба Г (Г3 и Г3.7), локација Осломеј во КО Србица вон град, Општина Кичево** нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови. Постојната ТЕ Осломеј и приклучните преносни (110kV) и дистрибутивни (35kV) водови се на 1,5km северно од оваа локација.

Градбата на фотонапонски и ветерни електрани ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стаклени гасови. Голема придобивка од

овие нови енергетски извори е што тие се градат на место на постојно одлагалиште на отпадни материи кои ја загадуваат животната средина.

***Гасовод* - Природниот гас**, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Републиката. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изграденият крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Републиката и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Републиката но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изгради делница-5 Скопје-Кичево со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. Трасата на планираниот гасовод од делница-5 ќе минува на 2km западно од оваа локација.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во Општина Кичево на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 30.138 жители, од кои 35,4% претставува расположива работна сила која што е значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и мрежа на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Северна Македонија. Под поимот урбанизација се подразбира во прв ред развој на градовите изразен со порастот на нивното население, социјалните и политички функции и во изградбата и уредување на нивните просторно физички структури. Во поширока смисла урбанизацијата го опфаќа и развојот на руралните населби и простори кој е резултат на промените кои водат кон намалување на разликите помеѓу градот и селото.

Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во основните цели на урбанизацијата и развој и уредување на населбите, дефинирани во Просторниот план на Р. Македонија.

Една од **целите** согласно ППРМ која треба да се земе во предвид при изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј, КО Србица вон град, Општина Кичево,** предвидува:

- Планско уредување и екипирање на населбите **со елементи на комунална инфраструктура.**

Од аспект на урбанизацијата при поставувањето на вакви објекти во просторот треба да се обрне внимание на изборот на локации од аспект на заштита на продуктивното земјиште, како и нивно вклопување во постојниот урбан модел на просторот и пејзажното обликување на окружувањето.

Инцијативата за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј, КО Србица вон град, Општина Кичево, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

Домување

Основните цели на Просторниот план во областа на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на: обезбедување стан за секое домаќинство, подобрување на станбениот стандард, изградба на **адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување**, асеизмичност во градбата, замена на субстандардниот станбен фонд и изнаоѓање модуси и дефинирање на критериуми за надминување на појавата на бесправна изградба.

Современата технологија, автоматизација и модернизација навлегува во сите пори на современиот живот, па оттаму предизвикува битни трансформации и во станот, кои квалитативно го менуваат традиционалниот тип на домување.

Порастот на животниот стандард и порастот на културата на домувањето доведуваат до постојано зголемување на површината на станот, подобрување

на внатрешната организација и распоред, **квантитативно и квалитативно подигнување на комуналната опременост на станот**.

Во тој контекст, оваа иницијатива за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј, КО Србица вон град, Општина Кичево,** е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, **со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.**

Јавни функции

Организацијата на **јавните функции** е директно поврзана со планирањето и уредувањето на населбите и зависи од типот на населбата, нејзиното место и улога во хиерархијата на населбите и соодветното ниво на централитет.

Локацијата за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј, КО Србица вон град, Општина Кичево,** е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република Северна Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Република Северна Македонија, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Република Северна Македонија се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со “Е” ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој .

Мрежата на патишта “Е” ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е-75, Е-850, Е-871**.

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **Е-65** што се поклопува со делови од магистралните патишта М-3, М-4 и М-5-(СР-Блаце-Скопје-Тетово-Кичево-Требениште-Охрид-Битола-Меџитлија-ГР) - коридор за патен сообраќај во насока север-југ;
- **М-4** - (АЛ-Ќафа Сан-Струга-Кичево-Скопје-Миладиновци-М-1).

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12)** овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А2** - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово – Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан).

Во идната патна мрежа на Република Северна Македонија, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република Северна Македонија ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција);
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија - Крива Паланка – Куманово – Скопје - Тетово – Струга - Албанија и крак Скопје - Србија);
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес - Прилеп - Битола - Ресен – Охрид – Требениште - М4 (крак Битола - граница со Грција).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат ***регионалните патишта***, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Северна Македонија.

Релевантен регионален патен правец за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) влегува во групата на **регионални патишта "Р2"** и е со ознака:

- **Р2231** - (Гостивар - врска со Р2233 – Србиново – Туин – Осломеј - врска со А2).

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Република Северна Македонија, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

При планирање да се почитува Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

Железнички сообраќај: Концепцијата за развој на **железничкиот систем** базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Република Северна Македонија со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Република Северна Македонија, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

1. Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:
   - СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР ..... 213,5 km
   - СР - Блаце-Скопје..... 31,7 km
   - ГР -Кременица-Битола-Велес..... 145,6 km
   - БГ -Крива Паланка-Куманово ..... 84,7 km
   - **АЛ-Струга-Кичево-Скопје .....143,0 km**

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период до 2020 год. меѓудругото се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Република Северна Македонија.

Воздушен сообраќај: Воздушните патишта во Република Северна Македонија се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Република Северна Македонија треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје е оспособен за прием и опрема на интерконтинентални авиони, аеродромот во Охрид е реконструиран во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола се предвидени да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

Радиокомуникациска мрежа и антенски системи

Радиокомуникациска мрежа е јавна електронска комуникациска мрежа со која се обезбедува емитување, пренос или прием на знаци, сигнали, текст, слики и звуци или други содржини од каква било природа преку радиобранови. Основни елементи на примопредавателниот систем се: антените, антенските столбови, водови, засилувачи и друго.

Јавните електронски комуникациски мрежи треба да се планираат, поставуваат, градат, употребуваат и слично под услови утврдени со Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него, прописите за просторно и урбанистичко планирање и градење, прописите за заштита на животната средина, нормативите, прописите и техничките спецификации содржани во препораките на Европската Унија.

Изложеноста на јавноста на нејонизирачко електромагнетно зрачење со пуштањето во работа на антенски систем не треба да ги надминува вредностите пропишани со Упатството за гранични вредности при изложеност на нејонизирачко зрачење издадено од Меѓународна комисија за заштита од нејонизирачко зрачење (ICNIRP – International Commission on Non-Ionizig Radiation Protection). Агенцијата за електронски комуникации врши контрола со мерење на нејонизирачкото електромагнетно зрачење, со цел да ја утврди усогласеноста на антенските системи со граничните вредности.

Оператори на мобилната телефонија во Републиката се: М-Телеком, А1 Македонија, Телекабел и Лајкамобајл. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места;
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.);
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура.
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот.
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион, покриени е со сигнал на мобилна телефонија на мобилните оператори.

Кабелска електронска комуникациска мрежа - се користи за дистрибуција на јавни електронски комуникациски услуги до крајниот корисник. Пристапниот дел на мрежата е изграден од кабли (од бакарни парици, коаксијални, хибридни коаксијално-оптички и/или оптички) и придружни дистрибутивни и изводни точки: канали, цевки, кабелски окна/шахти, надворешни ормари и др.

Јавната кабелска електронска комуникациска мрежа и придружните средства треба да се планираат, проектираат, поставуваат и градат на начин кој нема да ја попречува работата на другите електронски комуникациски мрежи и придружни средства, како ни обезбедувањето на другите електронски комуникациски услуги.

Изградбата на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства треба да се обезбеди:

- заштита на човековото здравје и безбедност,
- заштита на работната и животната средина,
- заштита на просторот од непотребни интервенции,
- заштита на инфраструктурата на изградените јавни електронски комуникациски мрежи,
- унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи.

АД “Македонски Телекомуникации” и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни комуникациони услуги, јавни говорници и др. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената електронска комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во електронско комуникацискиот сообраќај приклучени се преку телефонската централа во **Кичево.**

Операторите на јавна кабелска електронска комуникациска мрежа треба да обезбедат можност за широкопојасен пристап до услуги (broadband) со големи брзини на: 100% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 30 Mbps и најмалку 50% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 100 Mbps.

Индустрија

Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на производните дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Врз основа на сознанијата и определбите на националната стратегија за економски развој на Република Македонија (МАНУ, 1997), како и врз основа на досегашниот развој, а особено концептот на одржлив развој, основните насоки и стратешки определби на долгорочниот развој на индустријата се следните: технолошко преструктурирање, извозна ориентација на водечките сектори и гранки; пошироко воведување и развој на еколошки-просторно прифатливо индустриско производство со развој на штедливи технологии (во однос на природните ресурси, енергијата и горивото и работната сила) и (или) малоотпадни (безотпадни) технологии; зголемување на ефикасноста на производството; почитување на инвестиционите критериуми врз база на континуирано планирање и прифаќање на пазарните критериуми на стопанисување; стратегија на разместеност на индустриските капацитети која ја респектира просторната структура на факторите на разместеноста, рационалниот распоред на материјалните производствени фондови, од аспект на вкупниот простор на Републиката и потребите од комплексен развој на одделни територијални единици; развој на малите претпријатија, заради остварување на концептот на децентрализираниот развој и разместеност на индустријата.

Локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот припаѓа на планскиот опфат на “Просторниот план на регионот на сливот на реката Треска” заради што е неопходно да се почитуваат и планските определби од овој Регионален просторен план.

Преструктуирањето на економијата во Регионот треба да се насочи кон дејностите кои базираат на суровинската основа во Регионот, со обезбедување на поголема додадена вредност на основните суровини и производите. Индустријата треба да поседува особини на високата технологија, усогласени со одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предкомпетитивни истражувања. **Тоа ќе значи воведување и развој на еколошки-просторно прифатливо индустриско производство, со развој на штедливи технологии (во однос на природните ресурси, енергијата и горивото и работната сила) и малкуотпадни технологии.**

Со планскиот и организиран начин на ширењето на инфраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува во планскиот период во Регионот да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.

Индустријата која е значајна стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има големо влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита. Според филозофијата на одржлив развој, економскиот односно индустрискиот развој и заштитата на животната средина прават единствен систем. Одржливиот развој претставува алтернатива за загрозените природни и создадени вредности и за создавање на хумано општество и окружување. Разрешувањето на конфликтите во овој систем треба да почива на интеракција на релацијата простор и социо-економската компонената на развојот.

Развојот на енергетскиот сектор претставува значајна детерминанта на економскиот развој. Реализацијата на предвидениот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј, КО Србица вон град во Општина Кичево, ќе биде во функција на зголемување на производството на електрична енергија од обновливи ресурси што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Република Македонија за одржлив локален и национален развој.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на **одржливиот развој**. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј, КО Србица вон град, Општина Кичево, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Имајќи во предвид дека енергијата на сончевото зрачење претставува најобилен, неисцрпен, бесплатен и обновлив извор на енергија, кој не ја загадува околината, при разработка на влијанијата од фотонапонските електроцентрали врз животната средина констатирано е дека истите не создаваат емисии на штетни материи, не трошат гориво и не создаваат бучава. Досегашните научни истражувања посочуваат дека единствено негативно влијание по човековата околина е потребата од зголемена површина на земјиште за нивно инсталирање. При реализација на предвидените активности за изградба на фотонапонската електроцентрала треба да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот и количината и режимот на површинските и подземните води.

Санитарната состојба и квалитетот на воздухот во регионот на сливното подрачје на реката Треска е оценета како незагрозена. Со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на максимално дозволените нивоа на емисии, неопходно е при планирањето на просторот да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот.

Анализата на квалитетот на водите во реката Треска покажува постепено влошување на квалитетот од изворот па до мерното место во Сарај, пред вливот на Треска во реката Вардар, што се јавува како резултат на директната емисија на отпадните води од дел од индустриските капацитети во регионот во околните површински водотеци. При изградбата на фотонапонската електроцентрала да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и задолжително да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.

Потребно е да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.

Доколку при изградбата фотонапонската електроцентрала се создаде отпад, создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При **управување со отпадот** по претходно извршената **селекција**, отпадот треба да биде преработен по пат на **рециклирање**, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. Создадениот отпад треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија. Потребно е да се потенцира дека создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе

се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Во регионот на сливот на реката Треска, покрај постојните 5, со Републички акт, односно решение заштитени објекти, евидентирани (предложени) се и 24 нови простори кои според своите карактеристики и природни вредности треба да се стават под соодветен режим на заштита.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј, КО Србица вон град, Општина Кичево, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Доколку при изработката на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за

прогласување на природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;

- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територијата на нашата држава оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

На подрачјето на катастарската општина Србица, кое е предмет на анализа нема евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат).

Во Археолошката карта на Република Македонија[1], која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, евидентирани се локалитетите:

КО Србица – *Маркулија,* утврдена населба од железно, хеленистичко и од римско време,лоцирана на зарамнет врв на рид кој се наоѓа североисточно од селото каде се гледаат остатоци од темели на одбрамбен бедем, кои подобро се зачувани на источната страна. *Црква,* средновековна црква и

[1] **МАНУ Скопје, 1996г.**

некропола, на јужниот крај на селото во профилот на долот кој засекува зарамнета површина се гледаат камени конструкции на гробови.

Според Просторниот план на Р.Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдените *локалитети со културно наследство* и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Туризам и организација на туристички простори

Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова пред сé, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Локацијата за којашто се наменети Условите за планирање на просторот навлегува во границите на просторот разработен со „**Просторниот план на регионот на сливот на реката Треска**” заради што е неопходно да се почитуваат и планските определби од овој регионален просторен план.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, со „Просторниот план на регионот на сливот на реката Треска“ на територијата на државата, како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Република Северна Македонија се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација навлегува во границите на Просторниот план на регионот на сливот на реката Треска и припаѓа на Кичевско - Бродски туристички регион, со утврдени 2 туристички зони и 10 туристички локалитети. Во непосредна близина, западно од предметната локација, минува Транзитен туристички коридор којшто има регионално туристичко значење.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Согласно Просторниот план на Република Македонија, **предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј, КО Србица вон град, Општина Кичево, се наоѓа во простори погодни за слободни територии.** Тоа се простори кои поради своите природни својства се тешко пристапни на оклопно механизирани единици, надвор од урбаните агломерации и комунакциите и од главните насоки на напаѓање. Овие простори поради слабата населеност имаат низок степен на повредливост па се погодни за формирање на слободни територии.

Согласно со Законот за заштита и спасување, **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки.**

Согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата со подзаконски акт.

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката. Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Државата има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко- хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување. Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и

определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Република Северна Македонија, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со **VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на целата Држава, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање **на заштитата од природни и елементарни катастрофи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за **заштита од пожари,** односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од **градот Кичево.**

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им

погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

При појава на природни стихии, како што се **поплавите**, секое организирано општество превзема активни и пасивни мерки за организирана одбрана.

Појавата на **поплави** првенствено е поврзана со природните езера и хидрографската мрежа, но најчестиот вид на поплави и најголемата опасност од нив, сепак, доаѓа од поројните водотеци. Согласно со ова за донесување на брзи, исправни и ефикасни одлуки неопходно е да се располага со:

- однапред разработен план;
- сигурни информации за состојбата во загрозеното подрачје;
- сигурни прогностички информации за очекуваните сосотојби;

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, луњени ветрови и магли**.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;

- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот MAPC на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

Во процесот за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето (Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина-СОВЖС), покрај проценката на влијанијата се предвидуваат и мерки кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи. Преку навремено спроведување на постапката за СОВЖС се обезбедува идентификување на потенцијалните позитивни и негативни влијанија од реализацијата на планскиот документ врз животната средина, а

исто така се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

СОВЖС се подготвува во согласност со националната легислатива и одредбите од друга релевантна меѓународна легислатива, која е инкорпорирана во националната, во форма на законски и подзаконски акти и Конвенции, кои се ратификувани од страна на РСМ со посебни закони.

Целта на СОВЖС постапката е да се процени дали планскиот документ е во согласност со поставените цели за животна средина на национално и меѓународно ниво. Целите на стратегиската оцена на влијанието врз животната средина се прикажани преку статусот на: населението, социо-економски развој, човековото здравје, воздухот, климатските промени, водата, почвата, природното и културното наследство и материјалните добра.

Најдобро е процесот на стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел навремено да се земат во предвид целите на животната средина при дефинирање на целите на самиот плански документ.

Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е ***Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС*** (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија:

- Изградбата на планираните објекти во рамките на планскиот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот. Изградбата на фотонапонската електроцентрала ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стаклени̌чки гасови.
- Со усвојување на планскиот документ ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на градба на планираните објекти. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок. Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација се проценуваат како малку значајни, имајќи го во предвид фактот дека фотонапонските електроцентрали не создаваат емисии на штетни материи, не трошат

гориво и не создаваат бучава. Мерки за заштита од овие влијанија се наведени во секторската област: заштита на животната средина.

- Поради потребата од зголемена површина на земјиште за изградба на фотонапонската електроцентрала, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Во експлоатациониот период не се очекува значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните содржини со намена фотонапонски електроцентрали не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето.
- Просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на проектната документа-ција или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, истото е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на планска документација потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- Со имплементацијата на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на планскиот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј, КО Србица вон град, Општина Кичево, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите се наменети за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј на: КП 5000-дел, КП 2459-дел, КП 2458-дел, КП 2456, КП 2455-дел и КП 2147, КО Србица вон град, Општина Кичево.**

На овој простор ќе се определи градежна парцела за изградба на фотонапонска електроцентрала со потребни пратечки содржини со наменска употреба на земјиштето:

- Група на класи на намени: Г - рударство, енергетика, индустрија;
- Основна класа на намена: Г3 - индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори;
- Г 3.7 - ветерни електрани, сончеви електрани, мали хидроелектрани, електрани на биогориво и сл.

Површината на планскиот опфат изнесува 18,3 ха.

Y07719 – Државна урбанистичко-планска документација за изградба на фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј;

Y00121 – Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на регионот на сливот на реката Треска.**

При изработката на предвидената планска документација, треба да се имаат предвид следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план.

Економски основи на просторниот развој

- Насочувањето на организацијата и просторната дистрибуција на производните и услужни дејности во Регионот се темели на новиот пристап на контролиран плански развој поставен врз принципите на одржлив развој со **што примарен станува квалитетот на животното окружување, односно повнимателен однос спрема природните, културните и создадените ресурси.**
- При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, **заштита на природните и создадени ресурси и богатства**, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.
- **Реализацијата на предвидениот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј, КО Србица вон град, Општина Кичево, ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).**
- Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на

економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

- **Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина за стопанска намена.**

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- **Согласно Просторниот план на Република Македонија, просторот на РМ е поделен во 6 земјоделско-стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на западниот земјоделско стопански реон со 7 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Просторот на кој се предвидува изградба на фотонапонската електроцентрала се наоѓа во сливот на реката Треска, чии водотеци се одликуваат со висок квалитет на водите и голем проток на вода. Поради карактеристиките на водите во сливот, со Просторниот план на Република Македонија предвидено е изградба на регионален водостопански систем (РВС) "Треска", со кој ќе се зафаќаат води од сливот на реката и ќе се префрлуваат кон Источна Македонија, односно ќе се покриваат потребите во ВП "Скопско", "Пчиња", "Средна и Долна Брегалница" и "Струмичко Радовишко". Поради предвиденото решение потребно е превземање на мерки и водење на соодветна политика во просторниот развој на целиот слив на реката Треска со цел да се зачува и заштити квалитетот на водите како една од најголемите резерви на чиста вода во Република Македонија. Изградбата на фотонапонската електроцентрала е во согласност со препораките дефинирани со Просторниот план на сливот на реката Треска за уредување и користење на просторот во сливот со цел да се зачува и заштити квалитетот на водите како една од најголемите резерви на чиста вода во Република Северна Македонија.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Локацијата наменета за **изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW и потребни пратечки содржини со наменска употреба Г (Г3 и Г3.7), локација Осломеј во КО Србица вон град, Општина Кичево** нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.

- Градбата на фотонапонски и ветерни електрани ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленѝчки гасови.

Урбанизација и мрежа на населби

- **Иницијативата за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј, КО Србица вон град, Општина Кичево, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија,** што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување.
- Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

Домување

- Иницијативата за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј, КО Србица вон град, Општина Кичево,** е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, **со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.**

Јавни функции

- Локацијата за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј, КО Србица вон град, Општина Кичево,** е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

  А2 - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар-Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан).
- Релевантниот регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на **регионални патишта "Р2"** и е со ознака:

  Р2231 - (Гостивар-врска со Р2233-Србиново-Туин-Осломеј-врска со А2).

- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа:

- Локацијата наменета за **изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW и потребни пратечки содржини со наменска употреба Г (Г3 и Г3.7), локација Осломеј во КО Србица вон град, Општина Кичево** нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Индустрија

- **Индустријата треба да поседува особини на високата технологија, усогласени со одржливиот развој**: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предкомпетитивни истражувања. **Тоа ќе значи воведување и развој на еколошки-просторно прифатливо индустриско производство, со развој на штедливи технологии (во однос на природните ресурси, енергијата и горивото и работната сила) и малкуотпадни технологии.**

- **Развојот на енергетскиот сектор претставува значајна детерминанта на економскиот развој. Реализацијата на предвидениот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј, КО Србица вон град во Општина Кичево, ќе биде во функција на зголемување на производството на електрична енергија од обновливи ресурси што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Република Македонија за одржлив локален и национален развој.**

Заштита на животната средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј, КО Србица вон град, Општина Кичево, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.
- Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј, КО Србица вон град, Општина Кичево, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработката на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- Согласно податоците од Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарската општина Србица, има евидентирани археолошки локалитети.
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точна локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното

[2] **МАНУ Скопје, 1996г.**

наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18,20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- **Предметната локација навлегува во границите на Просторниот план на регионот на сливот на реката Треска и припаѓа на Кичевско - Бродски туристички регион, со утврдени 2 туристички зони и 10 туристички локалитети.** Во непосредна близина, западно од предметната локација, минува Транзитен туристички коридор којшто има регионално туристичко значење.
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј, КО Србица вон град, Општина Кичево, се наоѓа во простори погодни за слободни територии.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност до 10 MW, на локација Осломеј, КО Србица вон град, Општина Кичево, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-разработка-
ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕГИОНОТ НА СЛИВОТ НА РЕКА ТРЕСКА
2005 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. А3030711

Легенда:

- високопланинско пасиште
- земјоделско земјиште
- шума и шумско земјиште
- повеќенаменско подрачје "Јасен"
- наводнувана површина
- зона за експлоатација на минерали
- транзитен коридор
- граница на туристички регион
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка пруга
- граница на сливно подрачје
- град
- општински центар
- река

Туристички локалитет

- езерски локалитет
- градско туристички центар
- планинско климатско-лекувалишен локалитет
- рамничарско-ридско климатско-лекувалишен локалитет



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-разработка-
ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕГИОНОТ НА СЛИВОТ НА РЕКА ТРЕСКА
2005 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација
Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. А3030712

Легенда:

- центар на мезорегион
- центар на микрорегион
- центар на рурална општина
- село
- граница на сливно подрачје
- општинска граница
- акумулација
- река

Оски на развој
- западна
- северна

Сообраќајна мрежа
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железница

Здравство
- примарна здравствена заштита
- секундарна здравствена заштита

Образование
- основно
- средно
- високо

Култура
- библиотека
- дом на култура
- музеј и завод за заштита на споменици од културата



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-разработка-
ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕГИОНОТ НА СЛИВОТ НА РЕКА ТРЕСКА
2005 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Инфраструктурни системи

Водостопанска и енергетска инфраструктура *Карта бр. А3030713*

Легенда:

- граница на сливно подрачје
- трафостаница 110 kV
- трафостаница 35 kV
- далновод 220 kV
- далновод 110 kV
- далновод 35 kV
- гасовод
- хидроелектрана
- мала и мини хидроелектрана
- термоелектрана
- акумулација
- акумулација по 2020
- река Треска
- притока
- рибник
- наводнувани површини
- наводнувани површини по 2020
- РВС „Треска“
- РВС „Студенчица“
- лежиште на рудник Осломеј-Исток
- лежиште на искористен рудник
- неискористен рудник
- можно лежиште на рудник
- град
- општински центар



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-разработка-
ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕГИОНОТ НА СЛИВОТ НА РЕКА ТРЕСКА
2005 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Карта бр. А3030714

Тема:
Заштита и унапредување на животната средина и културното наследство
Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Легенда:

граница на сливно подрачје
општинска граница
град
општински центар
акумулација
река

Рекултивација на деградирани простори
јаловишта и површински коп за јаглен
деп. за комунален цврст отпад и дива деп.
депонија за техноген и руднички отпад
сервисна регионална депонија
индустриски загадувач

Споменик на природата

Заштитен
ботанички
заштитен предел
зоолошки
пештера
хидролошки

Предложен
ботанички
дендролошки
зоолошки
карактер. пејсаж
пештера
природен резерват
хидролошки

Превентивна заштита
зашт. зона на акумулации и реки
заштита на шуми
зашт. зона на изворишни простори
заштита на земјоделско земјиште
зашт. на простор со природни вред.

Културно-историско наследство
археолошки локалитет
црква
куќа
манастир
спомен гробница
зграда



МТЦ-08-ЗП-32

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

02 / 2021
(број на извод)

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
- Сектор за уредување на просторот

Број : **24-679/2** од 26.01.2021 година
(архивски број) (датум)

ИЗВОД ОД:
Државна урбанистичко–планска документација за изградба на фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј на дел од КП2459, КО Србица – вон г.р., општина Кичево, изработена од Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН дооел Скопје со тех. бр. 0801/215/19 од јануари 2021 година
(наслов на план и плански период / урбанистичко планска документација / урбанистичко проектна документација)

ИЗВОД ЗА : **ГП 1.1**

Решение број : 24-293/2 од 15.01.2021 година
(број и датум на Потврда)

Намена на градба: Е2 – комунална супраструктура (фотонапонска електроцентрала)

КО _____ **КП** _____
(катастарска општина) (број на катастарска парцела)

Ул. „ _____**“ бр.** _____

ДЛ: _____ **М = 1:1000**
(број на детален лист) (размер)

МИНИСТЕР
Благој Бочварски

Makedonski Telekom CA, BLAGOJ BOChVARSKI
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, BLAGOJ BOChVARSKI
Date: 2021.01.26 12:57:49 +01'00'

Изготвил :
Александар Карангелов, диа

Aleksandar Karangelov
Digitally signed by Aleksandar Karangelov
DN: o=Ministerstvo za transport i vrski, c=MK, email=aleksandar.karangelov@mtc.gov.mk, sn=Karangelov, givenName=Aleksandar, cn=Aleksandar Karangelov
Date: 2021.01.26 12:18:37 +01'00'

Одобрил :
Весна Андриевска, диа

Vesna Markovska
Digitally signed by Vesna Markovska
DN: o=Ministerstvo za transport i vrski, c=MK, email=vesna.markovska@mtc.gov.mk, sn=Markovska, givenName=Vesna, cn=Vesna Markovska
Date: 2021.01.26 12:53:16 +01'00'

М.П

НАПОМЕНА : Изводот од ДУПД, се издава врз основа на член 57 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20).

ИЗВОД ЗА : ГП1.1

(една или повеќе градежни парцели/ катастарска парцела во катастарска општина/блок/четврт/урбана единица/цел плански опфат)

СОДРЖИ:

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

- **Заверена копија од План на намена на земјиштето и градбите, Регулационен план, План на површини за градење, Сообраќаен и нивелациски план, Инфраструктурен план и Синтезен план за ГП1.1 за кој се однесува барањето за извод со :**
- легенда
- табела со нумерички показатели

2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

- **Заверена копија од:** општите услови за изградба, посебни услови за изградба, нумерички показатели, биланси показатели, мерки за заштита, мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност и мерки за заштита на културното наследство.
- **По потреба и заверена копија од други услови**

4.1.7. Општи услови за изградба

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Државната урбанистичко – планска документација, односно за изготвување на извод од урбанистичко – планска документација и услови за изработка на архитектонско – урбанистички проект, идејни и основни проекти.

1. Општите услови и графичките прилози се составен дел на документацијата и имаат правно дејство само врз градителска активност која ќе следи по усвојување на Државната урбанистичко – планска документација.

2. Општите услови се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат, а посебните услови се однесуваат на градежната парцела.

3. Во табеларниот приказ што е составен дел на посебните услови за изградба, прикажани се сите градежни парцели и дефинирани со:
   - број на градежна парцела;
   - површина на градежна парцела (m²)
   - површина за градење (m²)
   - процент на изграденост (%);
   - вкупна површина по катови (m²)
   - коефициент на искористеност (k);
   - намена на земјиштето и градбите;
   - максимална висина на градбата (m');
   - максимален број на катови;
   - потребен број на паркинг места.

   Сите овие одредби се одредени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4. Со урбанистичко – планската документација се одредени следните услови:
   - облик и големина на градежна парцела (m²);
   - градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради;
   - површина за градба во која може да се развие основата на објектот (m²);
   - процент на изграденост (%);
   - вкупна површина по катови (m²);
   - коефициент на искористеност (k);
   - намена на објектот;
   - максимална висина на објектот од нулта кота – максимална висина на венец (m');
   - максимален број на катови;
   - паркирање – гаражирање на возилата.

5. Оваа урбанистичко планска документација ќе се спроведува со изработка на основен проект доколку во проектната програма инвеститорот утврди потреба од изградба само на една градба. Доколку со проектната програма инвеститорот утврди потреба од изградба на повеќе градби, ова државно урбанистичко планска документација ќе се спроведува со изработка на архитектонско урбанистички проект за комплекс на градби

6. Во планскиот опфат се планира 1 (една) градежна парцела со основна класа на намена **Е2 -** Комунална супраструктура /Фотонапонска електроцентрала/. За оваа градежна парцела (1.1), не се планираат компатибилни класи на намена во однос на основната класа.

7. Во рамките на градежната парцела возможно е поставување на други супраструктурни градби во служба на фотонапонската електроцентрала: инвертерско-трансформаторски станици од контејнерски тип, префабрикувани помошни простории за потребите на сладирање резервни делови, контролна просторија и разводна постројка, контролни станици, останати машински простории и сл. Вкупната површина на овие градби не смее да надмине 5% од вкупно дозволената површина за градење.

8. Во рамкитена градежната парцела дозволено е и поставување на секаков вид на комунална инфраструктура во служба на фотонапонската електроцентрала. Дозволено е и поставување на столбови за осветлување, канделабри, камери за надзор, антенски столбови и било каков вид на инфраструктурни инсталации со кои не се обѕидува затворен корисен простор. Местоположбата и висината на овие инсталации не се условени со зададениот простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, како ни со максимално дозволената височина до хоризонталниот венец на градбите. Сепак, од аспект на безбедност на водушниот сообраќај, инсталациите не смеат да бидат со височина поголема од 15m, а согласно дописот од Агенцијата за цивилно воздухопловство „Доставување на податоци и информации“ бр. 12-8/163 од 30.04.2020.

9. Со планското решение на оваа Државна урбанистичко - планска докуемтнација се предвидува еден хидрант – развод на хидрантска мрежа, кој представува место за приклучок на внатрешна хидранска мрежа, која треба да се предвиде во следна фаза

10. Задолжителна е изведба на хидрантска мрежа во рамките на локалитетот. Со оваа урбанистичко – планска документација одредено е приклучното место – развод – за внатрешната хидрантска мрежа која ќе се проектира и трасира во следните фази. Вода за хидрантската мрежа ќе се обезбеди со приклучување на постојната мрежа во рудничкиот круг на РЕК Осломеј. Приклучна точка е постојна шахта во близина на административните бараки на РЕК Осломеј, на растојание од околу 1km северозападно од планскиот опфат.

11. За обезбедување на соодветен сообраќаен пристап до локалитетот, неопходна е изведба на пристапен пат, со предметната планска документаиција не се предвидува сообраќаен пристап, истиот треба да се предвиде во следна фаза со проект за инфраструктура.

12. Паркирањето на моторните возила е предвидено во рамките на сопствената градежна парцела. Димензионирање на потребниот број на паркинг места, како и позиционирање на паркинг просторите во рамките на градежната парцела ќе се изврши во следната фаза: при изработка на архитектонско – урбанистички проект за разработка на градежната парцела.

13. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно потребите на градбите и специфичните услови кои произлегуваат од планираната намена, а во согласност со одредбите на член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

14. Максимална височина на градбата се изразува како вертикално растојание помеѓу заштитниот тротоар на градбите и завршниот венец на градбата.

15. Котата на приземната плоча ±0,00m или нулта точка во однос на која се мери височината до хоризонталниот венец на градбите ќе се одреди во понатамошните фази на реализација – при изработка на проектни документации, при што истата се одредува поединечно за секоја градба; за фотоволтаичните панели се одредува за секој панел поединечно, во однос на теренот на лице место. За останатите супраструктурни градби (контролни станици, трафостаници, помошни простории, простории за надзор и обезбедување, останати машински простории и сл.), котата на приземна плоча се одредува во однос на заштитниот тротоар на самата градба во рамките на градежната парцела.

16. Максималната висина на слеме во однос на висината на завршниот венец на градбата изнесува 4,0m.

17. Од максималната височина на слемето и силуетата на покривот може да отстапуваат делови на градбата и тоа: кули, покривни баџи, издадени покривни елементи, оџаци, вентилациски канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко – технолошки инсталации, односно сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обsидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот, а во сè во склад со одредбите на Член 48 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

18. Градежната парцела во рамките на планскиот опфат може да се огради, а типот и висината на оградата ќе се определи според намената на објектот и другите барања за заштита.

19. Површините наменети за движење на пешаци, секаде каде е тоа можно според конфигурацијата на теренот да бидат континуирани, без скали и со максимален подолжен наклон од 8,33%, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.

20. Процентот на озеленетост во рамките на парцелата претставува однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во проценти. Процентот на озеленетост не смее да биде под 20% на ниво на градежна парцела, а во склад со одредбите на Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија, број 11/18). Оваа планска одредба станува составен дел на условите за градење.

21. Сметот ќе се одлага во контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат, а оттаму ќе се евакуира во регионална депонија.

22. При реализација на планираната докуметација, а со цел да не дојде до нарушување на режимот на води треба да се почитуваат одредбите од Законот за води (Службен весник на Република Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16)

- Изведувањето на водостопанските објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно - техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците;
- Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од објектите за комерцијална и деловна намена;
- Објектите и постројките кои што во процес на производство, преработка, полнење и складирање, користат или применуваат опасни материи и супстанци што можат да влијаат врз квалитетот на водата, вклучувајќи и цевководи за транспорт на такви материи и супстанции, се градат, поставуваат, работат и одржуваат на начин што исклучува секакво директно и индиректно загадување на подземните и површинските води;
- Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции;
- Одговорните за изработка на проектната документација, потребно е да имаат во предвид дека испуштањето на атмосферските води од одводните канали не смее да предизвика нарушување и/или влошување на состојбата со квалитетот на водното тело - реципиент, утврдена во Уредбата за категоризација и класификација на водите во РМ (Сл. Весник бр. 18/99).

23. Доколку при реализацијата на планираната изградба дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според Член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

24. Содржината во текстуалниот и графичкиот дел од оваа урбанистичко – планска документација преставува солидна основа за издавање на Извод од урбанистичко – планска документација план.

При примена на планските решенија на Државната урбанистичко – планска документација за изградба на фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, на дел од КП2459, КО Србица – вон г.р., Општина Кичевоза плански период од 2018 – 2028год. за сè што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.1.8. Посебни услови за изградба

Планскиот опфат на Државната урбанистичко – планска документација за изградба на фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, на дел од КП2459, КО Србица – вон г.р., Општина Кичево е дефиниран во една целина.

Градежна парцела 1.1

Намена:

- **Е2 -** Комунална супраструктура
  /Фотонапонска електроцентрала/

Компатибилни намени: /

Висина на венец: 4,00m

Број на катови: П

Пристап до парцела: Преку пристапен пат на западниот крај од опфатот

Заленило: Минимум 20% од оззеленетост на градежната парцела

Паркирање:

- Паркирањето на моторните возила е предвидено во рамките на сопствената градежна парцела. Димензионирање на потребниот број на паркинг места, како и позиционирање на паркинг просторите во рамките на градежната парцела ќе се изврши во следната фаза: при изработка на архитектонско – урбанистички проект за разработка на градежната парцела.

- Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно потребите на градбите и специфичните услови кои произлегуваат од планираната намена, а во согласност со одредбите на член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Други услови:

- Оваа урбанистичко планска документација ќе се спроведува со изработка на основен проект доколку во проектната програма инвеститорот утврди потреба од изградба само на една градба. Доколку со проектната програма инвеститорот утврди потреба од изградба на повеќе градби, ова државно урбанистичко планска документација ќе се спроведува со изработка на архитектонско урбанистички проект за комплекс на градби согласно Член 51 став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

- Во рамките на градежната парцела возможно е поставување на други супраструктурни градби во служба на фотонапонската електроцентрала: инвертерско-трансформаторски станици од контејнерски тип, префабрикувани помошни простории за потребите на сладирање резервни делови, контролна просторија и разводна постројка, контролни станици,

останати машински простории и сл. Вкупната површина на овие градби не смее да надмине 5% од вкупно дозволената површина за градење.

- Со планското решение на оваа Државна урбанистичко - планска докуемтнација се предвидува еден хидрант – развод на хидрантска мрежа, кој представува место за приклучок на внатрешна хидранска мрежа, која треба да се предвиде во следна фаза: при изработка на архитектонско – урбанистички проект за разработка на градежната парцела.

- Задолжителна е изведба на хидрантска мрежа во рамките на локалитетот. Со оваа урбанистичко – планска документација одредено е приклучното место – развод – за внатрешната хидрантска мрежа, а која ќе се проектира и трасира во следните фази, при изработка на архитектонско – урбанистички проекти и основни проекти. Вода за хидрантската мрежа ќе се обезбеди со приклучување на постојната мрежа во рудничкиот круг на РЕК Осломеј.

- Во рамкитена градежната парцела дозволено е и поставување на секаков вид на комунална инфраструктура во служба на фотонапонската електроцентрала. Дозволено е и поставување на столбови за осветлување, канделабри, камери за надзор, антенски столбови и било каков вид на инфраструктурни инсталации со кои не се обѕидува затворен корисен простор. Местоположбата и висината на овие инсталации не се условени со зададениот простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, како ни со максимално дозволената височина до хоризонталниот венец на градбите. Сепак, од аспект на безбедност на водушниот сообраќај, инсталациите не смеат да бидат со височина поголема од 15m, а согласно дописот од Агенцијата за цивилно воздухопловство „Доставување на податоци и информации“ бр. 12-8/163 од 30.04.2020.

- Доколку при реализацијата на планираната изградба дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според Член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

4.1.9. Нумерички показатели

општина: Кичево

Државна урбанистичко – планска документација за изградба на Фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, на дел од КП2459, КО Србица – вон град., Општина Кичево

дата: јуни 2020

П = 23,64 ha

БИЛДУРБАН Д.О.О.Е.Л. - Скопје

број на градежна парцела	површина на градежна парцела	површина под градба	процент на изграденост	бруто развиена површина	коефициент на искористеност	основна класа на намена	комплементарни класи на намена на основната класа на намена		максимална висина на градба	број на спратови	потребен број на паркинг места
1.1	236443 m²	189155 m²	80%	189155 m²	0,80	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА/	/	/	4,00 m	П	во рамнината градежната парцела - на сопствена
	236443 m²	189155 m²	80%	189155 m²	0,80						

4.1.10. Билансни показатели

Споредбени билансни показатели

Документациона основа – Постојна состојба 2020

	намена на површини	класа на намена	површина на парцели	процент
		шифра	m²	%
1	НЗ - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	НЗ	236443 m²	100,00%
Вкупно			236443 m²	100,00%

Планска документација

	намена на површини	класа на намена	површина на парцели	процент
		шифра	m²	%
1	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА/	Е2	236443 m²	100,00%
Вкупно			236443 m²	100,00%

4.1.11. Мерки за заштита

Законската регулатива со која се регулира заштитата на животната средина, релевантна за изработка на **Државната урбанистичко – планска документација за изградба на фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, на дел од КП2459, КО Србица – вон г.р., Општина Кичево**, е следната:

- Закон за животната средина (Службен весник на Република Македонија, бр0ј 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);
- Закон за заштита на природата (Службен весник на Република Македонија, бр0ј 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на Република Македонија, бр0ј 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15);
- Закон за управување со отпадот (Службен весник на Република Македонија, бр0ј 39/16 и 63/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Службен весник на Република Македонија, бр0ј 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр0ј 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18);
- Закон за водите (Службен весник на Република Македонија, бр0ј 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Уредба за класификација на водите (Службен весник на Република Македонија, бр0ј 18/99);
- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Службен весник на Република Македонија, број 18/99 и 71/99);
- Правилник за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Службен весник на Република Северна Македонија, број 231/20)
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.1.11.1 Мерки за заштита на животната средина

Просторот што го третира планот е со површина од 23,64ha претставува една целина со 1 градежна парцела со следната намена:

- **Е2** – Комунална супраструктура /Фотонапонска електроцентрала/

Основни загадувачи на просторот се сите видови моторни возила.

Имајќи ја во предвид оваа состојба, може да се изврши поделба на три основни групи на загадување со дадени основни смерници и мерки за заштитна на истите:

- Аерозагадување и мерки за заштита
- Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- Извори на бучава и мерки за заштита

А) Мерки за заштита на квалитетот на воздухот

Мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух, врз човековото здравје, како и за животната средина како целина, преку

утврдување на граничните вредности за квалитетот на амбиентниот воздух, се предмет на уредување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на Република Македонија, 6рој 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15).

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата.

Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од начинот на греењето, нема да претставува загрижувачка опасност по загадувањето на животната средина, бидејќи греењето е централно или со електрична енергија.

Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух кои се опфатени со државната и/или со локалните мрежи, согласно со овој закон се должни да:

1. Инсталираат и да одржуваат во исправна состојба мерни инструменти за следење на емисиите на местото на изворот и

2. Обезбедат редовно следење, мерење и обработка на податоците на емисиите од изворот на загадувањето и за тоа да водат дневник.

Мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии од определени поединечни стационарни извори

1. Правните и физичките лица сопстеници, односно корисници на определени инсталации кои се извор на загадувачки суптанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени во државата и/или локалните мрежи за мониторинг, се должни да изградат ситем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух во реонот на објектот.

2. Лицата од ставот (1) на овој член следењето и мерењето можат да го вршат преку сопствени служби или преку научни и стручни организации или други правни лица, доколку се акредитирани за вршење на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, во согласност со овој закон и друг закон.

За утврдување на степенот на загаденост на амбиентниот воздух, изворите на загадување, како и нивното штетно влијание врз квалитетот на воздухот, се установува Катастарот на загадувачи на воздухот.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот предвидено е сите слободни површини (парковски) да се уредат.

Потребно е да се изврши озеленување на просторите околу објектите во рамките на секоја градежна парцела поодделно, со што ќе се изврши подобрување на микроклимата во локалитетот.

Во однос на домувањето треба да се запазат показателите за коефициентот на искористеност, процентот на изграденост како и дефинираната градежна линија.

Б) Мерки за заштита на квалитетот на почвата

Контаминацијата на почвата со тешки метали, предизвикана од антропогените активности зазема доминантно место во урбанизираниот дел на општината. Контаминацијата на почвата со природно потекло е далеку послабо застапена и има минорно квантитативно значење.

Традиционалните метода за третман на контаминираните локалитети со тешки метали (измивање на контаминентите, нивна солидификација и друго) може да бидат направени in-situ, на самата локација, или ex-situ, преку отстранување на почвата и спроведување на третманот на друга локација.

Фиторемедијацијата е најповолна метода за отстранување, деградација или апсорбција на тешките метали во почвата преку правилен избор на растенија, хиперакумулатори, на контаминираната површина. Најпримењувани механизми за фиторемедијација се ризофилтрација, фитоекстракција и фитостабилизација.

В) Мерки за заштита од бучава

Секојдневната изложеност на населението на високо ниво на сообраќајна бучава, карактеристична за урбанизираните подрачја, има сериозен јавно – здравствен ризик и наметнува потреба од контрола на бучавата во раните фази од планирањето и уредувањето на просторот.

Во планскиот период треба да се стават во функција мерни места за следење на бучавата. Како краткорочен приоритет треба да се постави изработката на Програма за работа на државната односно локалните мрежи за мониторинг на бучавата.

Во подрачја покрај магистрални патишта се поставуваат најмалку 10 репрезентативни мерни места кои треба да ја покријат целата зона на сообраќајницата и постојаните извори на бучава.

4.1.11.2. Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за одбрана (Службен весник на Република Македонија, број 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, 6број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) и Законот за управување со кризи (Службен весник на Република Македонија, број 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Врз основа на Член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, 6број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18),мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1. при планирањето и уредувањето на просторот и населбите,
2. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати,енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко- угостителска дејност и
3. при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1. изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2. регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3. изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4. обезбедување на противпожарни пречки;
5. изградба на објекти за заштита и
6. изградба на потребната инфраструктура.

При примена на планските решенија на локалната урбанистичко – планска документација, за сè што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, 6број36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република Македонија, број 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање

на заштитата и спасувањето (Службен весник на Република Македонија, број 76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Службен весник на Република Македонија, број 8/05).

4.1.11.2.1 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Просторот што го третира планот е со површина од 23,64ha претставува една целина со 1 градежна парцела со следната намена:

- **Е2** – Комунална супраструктура /Фотонапонска електроцентрала/

При изработка на архитектонско – урбанистичките проекти и основните проекти, сите објекти да се лоцираат така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0cm и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на Општинскиот противпожарен сојуз – Кичево би изнесувал од 15 до 20 мин.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, 6рој 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевководи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

Задолжителна е изведба на хидрантска мрежа во рамките на локалитетот. Со оваа урбанистичко – планска документација одредено е приклучното место – развод – за внатрешната хидрантска мрежа која ќе се проектира и трасира во следните фази, при изработка на архитектонско – урбанистички проекти и основни проекти. Вода за хидрантската мрежа ќе се обезбеди со приклучување на постојната мрежа во рудничкиот круг на РЕК Осломеј. Приклучна точка е постојна шахта во близина на административните бараки на РЕК Осломеј, на растојание од околу 1km северозападно од планскиот опфат. Оваа траса – приклучок на хидрантската мрежа е ускладена со проектните решенија на Проектот за инфраструктира за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП2459 и КП2458, КО Србица – вон г.р. и на делови од КП882 и КП885, КО Осломеј, за пристап до планирана фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, Општина Кичево. Овој проект за инфраструктура е во моментов е во постапка на донесување, за чија цел е отворена „ПИ“ постапка во информацискиот систем е-Урбанизам со бр. 21933.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенест систем на цевководи, со минимален пречник Ø80mm. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ø80mm се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку Ø80mm. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150m. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Член 70 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр0ј 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција – пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Задолжително е примена на громобранска инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

4.1.11.2.2 Заштита и спасување од урнатини

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

- најмало растојание од градежната линија до границата на градежната парцела е 6,00m;
- објектите се со кота на венец до 4,00m;
- при рушење објектот ја зафаќа h/2 од површината околу себе, односно руините се целосно во склоп на парцелата;
- сообраќајната мрежа нема да биде оптоварена со руини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош и т.н.

Просторот на предметниот плански опфат се наоѓа во зона на 8° по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно – правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита при изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

При разработка на градежната парцела во наредна фаза задолжително да се почитуваат одредбите од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) и Правилник за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Службен весник на Република Северна Македонија, број 231/20).

4.1.11.2.3. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

- РХБ извидување на територијата
- дозиметриска контрола
- детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
- лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

4.1.11.2.4. Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

4.1.11.2.5. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Ndërmarrja Publike për Veprimtari Komunale "KOMUNALEC" s.,

Бр./Nr. 03 - 730/2
23 04 2019 год.
КИЧЕВО - KËRÇOVË

До
„БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје
ул.„Бул. Илинден“ бр.107/13
СКОПЈЕ

Предмет: Одговор на барање

Врз основа на Ваше барање бр.0801/214/19 од 19.04.2019 година, а во врска со потребата за изработка на ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП бр.2459 и КП бр.2458, КО Србица - вон град и на делови од КП бр.882 и КП бр.885, КО Осломеј, за пристап до планирана фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, Општина Кичево, Ве информираме дека во предметниот проектен опфат не постојат водоводни и канализациони инсталации кои што ги одржува и со кои што стопанисува ЈП „Комуналец“ - Кичево.

Јован Софрониевски /

Петре Степаноски /

ЈП „Комуналец“ - Кичево
Директор
Zendel Jonuzi

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ
СТУДЕНЧИЦА
Бул. Ослободување 60А/I-1, П.Фах 23, 6250 Кичево
Тел: 045/220-121 Факс: 045/267-557
www.studencica.com.mk e-mail: jpstudencica@yahoo.com

Јавно претпријатие за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево

09-1031/2
БР. 23.04.19 год.

ДО
Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје
Бул. Илинден бр.107/13
Скопје

Предмет: Одговор на барање за податоци и информации

Билд Урбан ДООЕЛ Скопје преку електронскиот систем е-урбанизам се обрати со барање бр.0801/214/19 од 19.04.2019 година (архивски број на ЈП Студенчица 09-1030/1 од 22.04.2019 година) за доставување на податоци и информации за постојните и планирани инсталации и објекти од регионалниот водовод „Студенчица" за потребите на изготвување на следниов проект за инфраструктура: Изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП 2459 и КП 2458, КО Србица – вон град. И на делови од КП 882 и КП 885, КО Осломеј, за пристап до планирана фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, општина Кичево.

Ве известуваме дека на предметната локација нема подземни инсталации со кои стопанисува ЈП за водоснабдување Студенчица Кичево. Предвидениот плански опфат е надвор од заштитните зони на цевководот.

Во прилог Ви доставуваме геодетска подлога во електронска форма (dwg формат) со исцртана траса на регионалниот водовод Студенчица која е надвор од планскиот опфат.

Со почит,

Кичево
23.04.2019 година

Директор
Урим Ахмеди дипл.правник

Одобрил: м-р Гоце Наќески

Изработил: Игор Лазаровски дги

АД Водостопанство на РСМ-Скопје

ул. 3та Македонска бригада бр.10а Скопје тел. 02/3161-168;02/ 3223-772
vsm.rm @hotmail.com jpvodostopanstvo@yahoo.com /advodostopanstvo_rm@hotmail.com

Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост
Бр. 11-1235/3
17.06.2020 год.
СКОПЈЕ

До: "Билд Урбан" ДООЕЛ
Ул. бул. Илинден" бр. 107/13-Скопје
Предмет: Известување
Врска: Ваш бр. 0801/215/19 од 29.04.2020, наш бр. 1235 од 22.05.2020

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,
Во врска со вашето барање Ваш бр.0801/215/19, наш бр.1235 за издавање податоци и информации за подземни и надземни инфраструктурни инсталации кои се во сопственост на АД Водостопанство на Р.Македонија во државна сопственост – Скопје, а имаат влијание во постапката за изработна на Државно урбанистичко планска докуметнација за изградба на фотонапонска централа на локација Осломеј, на дел од КП 2459, КО Србица- вон град, Општина Кичево,

Ве известуваме:

АД Водостопанство на Р.Македонија во државна сопственост – Скопје на планскиот опфат за изработка на Државно урбанистичко планска докуметнација за изградба на фотонапонска централа на локација Осломеј, на дел од КП 2459, КО Србица- вон град, Општина Кичево, има свои објекти и инфраструктура. Потребно е да се внимава на водостопанските објекти – реките на КП 2456 означена како река ИЛ 651 КО Србица-вгр Општина Кичево, која се наѓа до границата на дадениот опфат.

Согласно Законот за води треба да се запазат следните критериуми:

-**Член 131** став 1 заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, ЗАБРАНЕТО Е, освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание врз протокот на водотекот.

-Став 2 алинеа 3 при примена на ставот 1 од овој член, треба да се има предвид дека крајбрежен појас на водотек вон населено место, во смисла на овој закон, е појасот

Друштво за трговија и услуги
БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ

Примено 23.06.2020			
Орг. единица	Број	Прилог	Вредност
0302	311/20		

во ширина од 50 метри зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, односно зад линијата на допирањето на педесет годишната вода кај нерегулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определуваат советот на општините и советот на градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општините и на градот Скопје, на предходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

-**Член 163 - водостопански објекти и постројки** во смисла на овој закон, се објекти наменети за: 1) Уредување на режимот на водите и тоа: брани со нивните акумулациони простори, ретензиони и инундациони базени, регулирани речни корита, одбрамбени насипи, уредени порои и ерозивни површини, ободни канали, црпни станици и слично **(заштитни објекти)**.

-**Член 167 - заштита на водостопанските објекти** - треба да се запазат критериумите по овој член по поедини ставови: од став 1, до став 13.

Со почит,

Изработил: Марјан Дојчиновски
Контролирал:Мирјана Чемкова
Одобрил: Коста Малзарков

АД Водостопанство на РСМ – Скопје
Главен извршен директор
Ilmi Selami

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Арх.бр. 11-2530/ 4

Дата 18. 07. 2019

ДО: **"БИЛД УРБАН" ДООЕЛ**
ул. Бул. Илинден бр.107/13
1000 Скопје

ВРСКА: **Ваш бр. 0801/214/19 од 19.04.2019**
Наш бр. 11-2530/1 од 23.04.2019

ПРЕДМЕТ: **Известување**

Почитувани,

Во врска со доставениот допис со акт бр. 11-2530/1 од 23.04.2019 година, кој се однесува на барање за издавање на податоци, информации и мислења за изработка на "Проект за инфраструктура за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП2459 и КП2458, КО Србица - Вон Град, и на делови од КП882 и КП885, КО Осломеј, за пристап до планирана фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, Општина Кичево," Секторот за природа при Управата за животна средина како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање од аспект на своите надлежности од областа на заштита на природата и увидот на доставената документација, Ве известува за следното:

Друштво за трговија и услуги
БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ
Примено: 26.07.2019
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
03 | 374 | 19 |

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Согласно евиденцијата на природно наследство на територијата на Република Македонија и Секторска Студија за заштита на природното наследство, изготвена за потребите на Просторниот план на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр.39/04), констатирано е дека просторот на предметниот плански опфат на проектот е надвор од границите на заштитените подрачја во државата.

Со почит,

МИНИСТЕР

Naser Nuredini

Подготвил: Златко Златков
Контролирал: м-р Сашко Јорданов
Согласен: м-р Влатко Трпески

Одобрил: Директор на Управа за животна средина
Xhezmi Saliu

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија

Министерство за култура

УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Бр. 17 – 1786/2
24.04.2019 година
Скопје

ДО

БИЛД УРБАН ДООЕЛ

бул. Илинден бр. 107/13

1000 СКОПЈЕ

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше барање 0801/214/19 од 19.04.2019 година.

Во врска со вашето барање за добивање податоци за постоење на културно наследство за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП 2459 и КП 2458, КО Србица – вон град., и на делови од КП 882 и КП 885, КО Осломеј, за пристап до планирана фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, општина Кичево, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

Со почит,

Директор

д-р Елеонора Петрова-Митевска

Изработил: З. Тодоровски
Проверил: м-р С. Герасимова - Матеска
Одобрил: м-р Б. Јовановска

Управа за заштита на културното наследство
Ул. „Павел Шатев " бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ
во државна сопственост
Бр. 03-2579/2
24. 04. 2019 год.
СКОПЈЕ

Бул. Климент Охридски бр.58 б, Скопје
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk
ЕМБС: 6664903

До:
„БИЛД УРБАН“ДООЕЛ Скопје,
ул. Бул. Илинден бр.107/13,

Предмет: Одговор на барање

Врска: Барање на податоци и информации со ваш бр.0801/214/19 од 19.04.2019 година

Согласно вашето Барање на податоци и информации потребни за изработка на ПИМ за Проект за инфраструктура за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП2459 и КП2458, КО Србица – вон град. и на делови од КП882 и КП885, КО Осломеј, за пристап до планирана Фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, Општина Кичево, со ваш бр.0801/214/19 од 19.04.2019 година,

МЕР АД Скопје, Ве известува дека на наведениот плански опфат, нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

Со почит,

Изработил:
Иво Шурбановски

МЕР АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем
Оливера Костанчева

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности * СКОПЈЕ * МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ во државна сопственост

Влада на Република Северна Македонија
- ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ -
Сектор за оперативна и логистика
Подрачно одделение за заштита и спасување Кичево

Број 09- 342/2
25.09.2020 година
ДО
БИЛД УРБАН-ДОЕЛ –Скопје,Ул.Бул.Илинден бр.107/13-Скопје

Предмет: Мислење, доставува.-

Врска : Ваш акт бр.0801-215/20 од 25.09.2020 год.

Врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ “ бр. 93/12), – пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16) а согласно член 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка (Сл. Весник на РМ бр. 124/15) Дирекцијата за заштита и спасување –Подрачно одделение - Кичево ,Ви го доставува следното

М И С Л Е Њ Е

За застапеноста на мерките за заштита и спасување

во Проектот за Државна урбанистичка планска документација за изградба на Фотонапонска електро централа на локација Осломеј, на дел од КП.2459 ,КО.Србица –вон град,општинаКичево.

Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение – Кичево, од извршениот увид на поднесената проектна документација за застапеноста на мерките за заштита и спасување во Проектот за Државна урбанистичка планска документација за изградба на Фотонапонска електро централа на локација Осломеј, на дел од КП.2459 ,КО.Србица –вон град,општинаКичево.

Констатира дека мерките за заштита и спасување во документацијата се соодветно вградени, врз основа на што Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение - Кичево дава **позитивно мислење**.

Изработил: Одобрил:
Гоце Богданоски

Доставено до :
- насловот
-архива на ПО за Зис Кичево

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за оперативна и логистика
Подрачно одделение - Кичево
ул. „Борис Кидрич“ бр.2,
6250 Кичево
Република Северна Македонија
+389 045 228 731
www.dzs.gov.mk
kicevo@dzs.gov.mk

14.

Република Северна Македонија
Министерство за економија

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Ekonomisë

Сектор за минерални суровини
Departamenti i lëndëve të para minerale

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ СКОПЈЕ

Примено: 27-11-2019			
Орг. Ед.	Број:	Прилог:	Вредност:
08	4870/2		

Архивски број:24-4806/2
Скопје, 25 11 19 2019 година

ДО:
АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА
Ул. 11 октомври бр.9
СКОПЈЕ

ПРЕДМЕТ: Одговор по барање на мислење
ВРСКА: Ваш број 08-4870/1 од 07.10.2019 година

Почитувани,

Министерството за економија го разгледа Вашето Барање на мислење во однос на концесијата за експлоатација на јаглен на локалитетот „Осломеј-запад“, општина Кичево и дали имате законски обврски околу истата, а во врска со постапката за одобрување на Проектот за инфраструктура за пристапниот пат до планираната фотонапонска електрана.

По извршениот увид во Геолошки информациониот систем (ГИС) на Министерството за економија, утврдено е дека дел од пристапниот пат до Фотонапонската електрана навлегува во просторот на концесијата за експлоатација на јаглен на локалитетот „Осломеј-Запад“ во општина Кичево.

Меѓутоа, согласно членот 13 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина јаглен на локалитетот „Оломеј-запад“, општина Кичево бр.24-7367/1 од 05.12.2013 година, доколку се работи за изведување на инфраструктурни објекти од јавен интерес (пат, далновод, железнички пруги, водостопански објекти и други објекти од јавен интерес) во концесискиот простор, тие може да се градат доколку имателот на дозволата за градба во текот на градбата обезбеди услови за непречена и безбедна експлоатација на минералните суровини. Истовремено, согласно членот 38 став (8) од Законот за минерални суровини, низ концесискиот простор може да поминуваат

Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikë së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин “ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Jurij Gagarin" nr.15 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3093 438
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015
CERTIFICATE
Q 1113

инфраструктурни објекти (пат, далновод и друго), а концесионерот не смее да ги уништува и загрозува истите и е должен да го овозможи нивното користење од страна на други лица.

Со оглед на сето горенаведено, нема законска или договорна пречка во однос на доделената концесија за експлоатација на јаглен за да се продолжи постапката за одобрување на Проектот за инфраструктура пред Министерството за транспорт и врски.

Со почит,

Kreshnik Bekteshi
МИНИСТЕР,
MINISTËR

Изработил/Përpiloi: м-р Александра Митреска
Контролирал/Kontrolloi: m-r Jeton Kuçi
Одобрил/ Aprovoi: d-r Ejup Latifi
Согласен/Miratoi: Зоран Павловски

Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikë së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин " бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Jurij Gagarin" nr.15 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3093 438
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015
CERTIFICATE
Q 1113

Јавно претпријатие за водоснабдување
Студенчица
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë
Studençica
Бр./Nr. 09-783/1
28.04 2020 год./vit.
Кичево - Kërçovë

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR FURNIZIM ME UJË
СТУДЕНЧИЦА
STUDENÇICA
Булевар Ослободување 60А/I-1, П.Фах 23, 6250 Кичево
Bulevardi i Çlirimit 60A / 1-1 P.fax 23, 6250 Kërçovë
Ten/Tel: 045/220-121
www.studencica.com.mk e-mail: jpstudencica@yahoo.com

ДО
Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје
Бул. Илинден бр.107/13
1000 Скопје

Предмет: **Одговор на барање за мислење**

Почитувани,

Билд Урбан ДООЕЛ Скопје преку електронскиот систем е-урбанизам се обрати со барање бр.0801-214/19 од 16.04.2020 година (архивски број на ЈП Студенчица 09-763/1 од 23.04.2020 година) за мислење за следниов проект за инфраструктура: Изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП 2459 и КП 2458, КО Србица – вон град. и на делови од КП 882 и КП 885, КО Осломеј, за пристап до планирана фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, општина Кичево.

Бидејќи на просторот дефиниран за изработка на проектот за инфраструктура нема подземни инсталации од нашиот цевковод и истиот е надвор од заштитните зони на цевководот ЈП за водоснабдување Студенчица не е надлежно да дава мислење за горенаведениот проект.

Со почит,

Кичево
28.04.2020 година

Директор/Drejtori
Urim Ahmedi jurist i diplomuar

Друштво за трговија и услуги
БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ

Примено: 06.05.2020			
Орг. единица	Број	Прилог	Вредност
03	208	2020	

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTAMENTI I UJËRAVE
Архивски бр. 11-4341/2
Дата: 05-11-2020

ДО: Билд Урбан" ДООЕЛ Скопје
Бул.„Илинден" бр.107/13
Скопје

ПРЕДМЕТ: Мислење од аспект на заштита на водите
Ваш број: 0801/214/19 od 20.10.2020 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење по однос на урбанистичко - проектната документација: Проект за инфраструктура за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП2456 и КП2458 КО Србица-вон град и на делови од КП882 и КП885, КО ОСломеј, за пристап до планирана Фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, општина Кичево, по разгледување на доставениот Проект за инфраструктура, во согласност со одредбите од Законот за водите (Службен весник на Р. Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/2016), Управата за животна средина – Сектор води при Министерството за животна средина и просторно планирање дава **позитивно мислење.**

Имено, по разгледувањето на доставената документација: Проект за инфраструктура за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП2456 и КП2458 КО Србица-вон град и на делови од КП882 и КП885, КО ОСломеј, за пристап до планирана Фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, општина Кичево (текстуален и графички дел во електронска форма и графички дел во хартиена форма - Синтезен план кој претставува составен дел на инфраструктурниот проект) со тех.бр.0801-214/2019 од октомври 2020 година, утврдено е дека е постапено согласно укажувањата од допис бр. 11-2261/2 од 26.06.2020 година и допис бр. 11-2261/3 од 13.08.2020 година, односно во текстуалниот дел од предлог урбанистичката проектната документација вградени

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

се мерките од аспект на заштита на водите во согласност со Законот за води и извршена е промена на културата на катастарските парцели КП 2459 , КП 2458 КО Србица -вон град и КП 882 КО Осломеј, претходно евидентирани како култура река, согласно реалната состојба на терен, за што како доказ се приложени Имотни листови: ИЛ бр.65, КО Осломеј со број 1105-8906/2020 од 05.10.2020 година и ИЛ бр.651, КО Србица-вон град со бр.1105-8907/2020 од 05.10.2020 година издадени од Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија.

Врз основа на изнесеното, Министерството за животна средина и просторно планирање одлучи како во диспозитивот.

Воедно, Ве известуваме при реализација на планот, да имате во предвид дека Министерството за животна средина и просторно планирање издава Дозвола за користење на вода, односно Дозвола за испуштање во водите на правните и физички лица, вклучувајќи ги и органите на државна управа и општините, кои испуштаат отпадни води или испуштаат или фрлаат материи и супстанции во реципиентите, под услови и на начин утврдени со Законот за водите.

Со почит,

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изработил: Наташа Павловска
Контролирал: Љупка Димовска Зајков
Согласен:Илбер Мирта
Одобрил: Hisen Xhemaili
В.Д. Директор на Управа за животна средина

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ
ПОДРУЖНИЦА РЕК ОСЛОМЕЈ, OSLLOME
SHOQËRIA AKSIONARE PËR PRODHIMTARINË E ENERGJISË ELEKTRIKE, ELEKTRANAT E MAQEDONISË SË VERIUT - NË PRONËSI SHTETËRORE, SHKUP, PERFAQËSIA KKE OSLLOME, OSLLOME

Бр./№: 08-2024
11-08 2024 год./vit
ОСЛОМЕЈ / OSLLOME

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
Подружница РЕК „ОСЛОМЕЈ"
с. Осломеј, Р. Северна Македонија

До: Министерство за транспорт и врски
преку Сектор за инвестиции и развој-Дирекција Скопје

Предмет: Позитивно мислење за Проект за инфраструктура за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат за фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј

Почитувани,
Во врска со иницираната постапка преку системот е-урбанизам бр.21933, за одобрување на Проект за инфраструктура за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат за фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, Општина Кичево, а како одговор на известувањето за недостатоци, архивски број во Министерството за транспорт и врски 71-2986/1, РЕК Осломеј го издава следното:

ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ

По поглед на точка 7:
Јачината на трафостаницата е 35/6 kV. Изградена е во 1975 во сопственост на АД ЕСМ и е наменета за снабдување на рударските машини со електрична енергија за сопствени потреби на рударско-енергетскиот комплекс. Трафостаницата има технички можности за приклучок на 35 kV кабел од планираната фотонапонска електроцентрала и РЕК Осломеј е согласен со приклучокот и техничкото решение претставени во Проектот за инфраструктура.

По поглед на точка 21:
РЕК Осломеј е согласен со Проектот за инфраструктура и работите предвидени во Проектот за инфраструктура за пристапниот пат и електроенергетската инфраструктура и тие не ги попречуваат работите на РЕК Осломеј и издадените концесии за рудникот Осломеј.

Со почит

Изработил: Чедомир Арсовски

Подружница РЕК Осломеј
Директори,
Златко Пиперкоски Дипл.ел.инг. Керим Халили Дипл.правник

Ко:
- Архива

ДОПОЛНИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

02-5130/1

04-12-2020

До: **Министерство за транспорт и врски**

Предмет: Известување

Почитувани,

Ве известуваме дека на ден 8.4.2019 година, во Трговскиот регистар на Република Северна Македонија запишана е промена на називот на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Република Македонија.

Новиот назив на друштвото гласи:

Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје

Скратен назив: АД ЕСМ – Скопје.

Исто така, ве известуваме дека сите останати информации (адреса, ЕМБС, даночен број, број на сметки, телефон и факс број) како и приоритетната дејност на работа на АД ЕСМ остануваат непроменети.

Со промената на името, целокупната нова деловна кореспонденција, фактури, склучување на нови договори или анекси на постоечки договори, како и изготвување на потребна документација за веќе започнатите постапки пред Вашето министерство, потребно е да се реализираат со новото име .

Оттука, Ве замолуваме да ја земете предвид горенаведената промена при секоја идна комуникација со нашето друштво.

Изработил: Јована Мисирлиевски
Одобрил: Маргита Караџа

ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР
м-р Васко Ковачевски

Ко:
- Архива
- Сектор за развој и инвестиции
- Министерство за транспорт и врски

3. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

3.1.Текстуален дел ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Постапка за изготвување **Проект за инфраструктура за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП2459 и КП2458, КО Србица – вон град. и на делови од КП882 и КП885, КО Осломеј, за пристап до планирана Фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, Општина Кичево** е покрената по барање на Инвеститорот: Акционерското друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – А.Д. ЕСМ – Скопје.

Според член 52 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Проектот за инфраструктура е урбанистичко проектна документација која треба да овозможи изградба на пристапен пат до планирана Фоонапонска централа на локација Осломеј (урбанистичко планска документација - Државна урбанистичко планска документација за изградба на Фотонапонска електоцентрала на локација Осломеј, на дел од КП 2459, КО Србица – вон град, Општина Кичево со оддобрена Планска програма со потврда за заверка од Министерство за транспорт и врски со арх.бр. 24-2579/3 од 20.03.2020 година), воедно проектот за инфраструктурата се изработува врз основа на добиениот Извод од Просторен план од Министерство за животна средина и просторно планирање со арх.бр. 15-368/4 од 05.02.2020 година.

Со проектот за инфраструктура за инфраструктурни објекти составени од повеќе делови од кои најмалку еден дел претставува линиска инфраструктура покрај трасата на инфраструктурата се утврдуваат и површините за градење на деловите од објектот со кои инфраструктурниот објект претставува градежна и функционална целина.

Користејќи ја ажурираната геодетска подлога изработена од овластена геодетска фирма, изработивме **Проект за инфраструктура за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП2459 и КП2458, КО Србица – вон град. и на делови од КП882 и КП885, КО Осломеј, за пристап до планирана Фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, Општина Кичево** согласно Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.весник на РМ бр. 142/15) и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 22/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 142/17 и 86/18).

Документационата основа претставува основен појдовен елемент во методолошкиот процес на истражување и истата ќе послужи како основа за изработка на планската документација. Со анализа на просторот во рамките на опфатот, се добиваат потребните информации за постојната состојба и комуналната опременост па се до можностите за понатамошно користење на просторот.

Документационата основа е изработена врз основа на:

- Ажурирана геодетска подлога изготвена од овластена фирма;
- Теренско снимање на просторот од страна на стручна екипа на извршителот (состојба 02.2020 година);
- Аналитичка обработка на евидентираните податоци;
- Постојна урбанистичка документација.

Документационата основа содржи:

- Анализа на постојната организација на просторот;
- Анализа на постоен градежен фонд, сообраќајна и комунална инфраструктура;
- Анализа на досегашната урбанистичка документација;
- Оценка на можности за просторен развој.

3.2. Површина н опис на границите на проектен опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје

Просторот дефиниран за изработка **Проект за инфраструктура за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП2459 и КП2458, КО Србица – вон град. и на делови од КП882 и КП885, КО Осломеј, за пристап до планирана Фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, Општина Кичево** со својата местоположба припаѓа во Општина Кичево.

Бидејќи се работи за локација, за која не постои урбанистички план, т.е. истата е лоцирана во Просторен план на Република Македонија, проектниот опфат се однесува само на предметната локација и за истата е издаден Извод од просторен план од Министерство за животна средина и просторно планирање, арх.бр. 15-368/4 од 05.02.2020 година.

Просторот дефиниран за изработка на **Проект за инфраструктура за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП2459 и КП2458, КО Србица – вон град. и на делови од КП882 и КП885, КО Осломеј, за пристап до планирана Фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, Општина Кичево** треба да овозможи изградба на нови инфраструктурни траси, односно пристапен пат со должина од 1 km, подземен електричен кабел со должина 817 m', со моќност од 35 kv кој ја поврзува фотонапонската електроцентрала со трансформаторска станица надвор од планскиот опфат, како и водоводна инфраструктурна траса со должина од 854 m', која исто така ќе биде поставена во функција на фотонапонската електроцентрала Осломеј, истата ќе се приклучува на постоечка водоводна мрежа со капацитет од 1000l (водоводна инфраструктура мрежа е во сопственост на ТЕ Осломеј и истата е со довод од водовод Студенчица).

Предметната локација е опфатена во рамките на урбаниот опфат на Просторен план на Република Македонија, проектниот опфат се однесува само на предметната локација и за истата е издаден Извод од просторен план од Министерство за животна средина и просторно планирање, арх.бр. 15-368/4 од 05.02.2020 година.

Дефинираниот простор за изработка на наведениот проектен документ зафаќа површина од 15606m^2, односно 1,56ха, истиот е дефиниран со следните координати на детални точки:

Геометриски елемент	Реден број	Y	X	
Правци	1	7500994,118	4603502,77	
	2	7501004,421	4603516,292	најсеверна точка
	3	7501013,978	4603509,011	
Лак 01	Испапчување	0,34		
	Центар	7501018,22	4603514,578	
	Радиус	7		
	Почетен агол	233°		
	Краен агол	308°		
Правци	4	7501022,549	4603509,077	
	5	7501024,253	4603510,418	
Лак 02	Испапчување	0,04		
	Центар	7500996,426	4603545,783	
Правци	6	7501029,92	4603515,73	
	7	7501042,573	4603504,377	
	8	7501038,715	4603500,444	
	9	7501039,247	4603489,757	
	10	7501091,115	4603450,236	
	11	7501100,925	4603451,561	
	12	7501104,865	4603456,731	
	13	7501094,723	4603464,459	
	14	7501104,109	4603476,776	
	15	7501114,092	4603477,673	
	16	7501134,854	4603461,853	
	17	7501131,673	4603457,677	
	18	7501146,587	4603446,313	најисточна точка
	19	7501131,992	4603427,159	
	20	7501132,107	4603422,304	
	21	7501134,862	4603416,902	
	22	7501138,044	4603414,478	
	23	7501127,741	4603400,956	
	24	7501022,768	4603480,94	
	25	7501014,197	4603480,873	
	26	7500969,945	4603446,052	
	27	7500955,413	4603395,5	
	28	7500979,072	4603329,515	
	29	7501004,366	4603276,368	
	30	7501039,097	4603218,967	
	31	7501071,832	4603209,632	
	32	7501075,959	4603211,644	
	33	7501083,142	4603196,236	
	34	7501040,049	4603161,423	
	35	7500913,839	4602994,722	
	36	7500914,432	4602985,585	
	37	7500946,628	4602952,893	
	38	7500931,742	4602943,781	најсеверна точка
	39	7500905,497	4602970,431	
	40	7500894,928	4602969,744	
	41	7500894,664	4602969,395	
	42	7500882,95	4602979,87	
	43	7500882,06	4602980,911	најзападна точка
	44	7501024,025	4603168,421	
	45	7501026,065	4603207,666	
	46	7500989,822	4603267,567	
	47	7500963,07	4603323,777	
	48	7500939,411	4603389,762	
	49	7500959,432	4603459,412	
	50	7500997,386	4603489,277	
	51	7500997,3	4603500,346	

3.3. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина

Просторот на проектниот опфат за **Проект за инфраструктира за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП2459 и КП2458, КО Србица – вон г.р. и на делови од КП882 и КП885, КО Осломеј, за пристап до планирана фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, Општина Кичево** до сега не е опфатен со постојни урбанистички планови, урбанистичко – плански документации, урбанистичко – проектни документации и проекти за инфраструктура. Оттаму, согласно одредбите на Член 53 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), за согледување на планските можности за планирање на просторот, односно за изработување на проект за инфраструктура, обезбеден е Извод од Просторен план на Република Македонија 2002 – 2020, изработени од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за плосторно планирање со бр. 15-368/4 од 05.02.2020 година.

Југоисточниот крај на проектниот опфат граничи со плански опфат на Државна урбанистичко – планска документација за изградба на фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, на дел од КП2459, КО србица – вон г.р., Општина Кичево. Оваа урбанистичко планска документација е со оддобрена Планска програма со потврда за заверка од Министерство за транспорт и врски со арх.бр. 24-2579/3 од 20.03.2020 година

3.4. Природни чинители на опфатот

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

3.4.1.Микроклима

Територијата каде се наоѓа предметната локација е под влијание на планинска и умерено континентална клима. Умерено континенталната клима се карактеризира со умерено топли лета и свежи зими. Врнежите се со преоден медитерански плувиометриски режим. Планинската клима се карактеризира со свежи лета и свежи зими.

Просечната годишна температура изнесува 11,0°C (апсолутна минимална -25,7°C и апсолутно максимална 28,0°C), во рамничарскиот дел и 4°C на планините Челоица (Добра Вода). Амплитудата од апсолутно минималната до апсолутно максималната изнесува 53,7°C. Просечно најстуден месец во годината е јануари, со температура од 0,5°C, а најтопол месец е јули со 21°C. Периодот со температура над 10°C што претставува вегетационен период, трае од 10 април до 26 октомври или 199 дена во рамничарскиот дел, и 120 – 150 дена на планините. Мразниот период просечно годишно трае 155 дена (од 5 ноември до 6 април), а вистинскиот број на денови со појава на мраз изнесува 77,4 дена.

Просечна годишна количина на врнежии изнесува 763mm, а на највисоките делови на Бистра и другите планини тие достигнуваат до 1000mm. Најголеми количини на врнежи паѓаат во ноември, а најсушни месеци се јули и август. Снежните врнежи учествуваат со 35% во рамничарските терени, до 55% на планинските делови. Во овој реон снежниот период просечно годишно трае 72 дена, а на планините 120 дена.

Во однос на воздушните струења, најчест ветер е северот со 161‰ и југот со 140‰ со брзина на дување 1,8m/s средна јачина и максимална од 8 бофори и јужниот со средна јачина од 1,9m/s и максимална од 8 бофори. Други ветрови по честина се североисточни со 86‰ и југозападниот со 63‰, источниот со 39‰ и западниот со 20‰. Брзината на сите ветрови е од

минимум 1,6m/s до 2,3m/s средна јачина и максимална од 6 – 8 бофори, 6 бофори источниот и североисточниот ветер, до максимални 8 бофори северниот, јужниот и југозападниот ветер.

Сеизмички, предметната локација припаѓа на подрачја подложени на чести и јаки земјотреси, предизвикани од локалните и подалечните епицентрални жаришта. Во ова подрачје можни се потреси со јачина до 8° по М.К. скала.

Податоците се од мерната станица во Кичево.

3.4.2. Релјефни карактеристики

Кичевска Котлина е една од поголемите котлини во Македонија која е неотектонска творба чијашто рамка ја прават планинските масиви на Бистра и Стогово од запад, Бушева Планина, Баба Сач, Бабењ и Плакенска Планина на исток. Дното на котлината – полето е на надморска височина од 680 м.н.в. до 570 м.н.в. Најниската точка се наоѓа во источниот дел кај селото Атиште (570 м.н.в.). Во јужниот дел котлината е прекршена со напречни раседи. Кичевската Котлина преку Бродска Клисура на исток се поврзува со Поречје, на југозапад преку превалот Пресека со котлината Дебарца, а на север преку превалите Стража и Буковиќ со Полошката Котлина. Вкупната површина е 1059km², а дното има 88km². Во северниот дел се издига ниската планина Вардино (950 м.н.в.), која овој дел го дели на две морфолошки целини: Зајас на запад и Осломеј на исток. Геолошкиот состав е доста сложен и е претставен со палеозојски шкрилци и тријаски варовници по рамката, а плиоцените и квартерните седименти по дното на котлината.

Кичево се наоѓа во западниот дел на Република Македонија, сместен во Кичевската Котлина, која претставува јасно обликувана природна целина, опколена од сите страни со високи планини. Припаѓа на горното сливно подрачје на реката Треска, на северната страна допира до превојот Стража, на западната страна се издига планината Бистра, на јужната страна по долината на реката Треска се протега до Илинска Планина, а на источната страна допира со северниот дел на Поречје. Градот Кичево, како урбан центар, се наоѓа на надморска височина од 620 – 650 м.н.в.

Микролокациски, површината на планскиот опфат е на релативно рамен терен, со надморска височина од 673 до 679 м.н.в.

3.4.3. Сеизмика на просторот

Територијата на општина Кичево припаѓа на подрачјата подложени на чести и јаки земјотреси, предизвикани од локалните и подалечните епицентрални жаришта. Во ова подрачје можни се потреси со јачина до 8° по М.К. скала.

3.5. Податоци за создадени вредности и чинители на планскиот опфат

ТЕ Осломеј е постојна термоелектрана во сопственост на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје (А.Д. ЕСМ – Скопје), со еден блок од 125 MW инсталирана моќност, односно втора по големина термоелектрана во електроенергетскиот систем на Република Северна Македонија. Оваа електрана започнува со работа во 1980 година и учествува со 10% во вкупното домашно производство на електрична енергија и работи до 2015 година. Остварено просечно годишно производство на електрична енергија во период од 15 години (1999-2015) изнесува 430 GWh. Оваа термоелектрана користи лигнит како основно гориво за производство на електрична енергија од рудниците Осломеј – Исток и Осломеј – Запад од Кичевскиот регион. Поради искористување на експлоатационите резерви на јаглен, ТЕЦ Осломеј по 2015 година не работи со полн капацитет, односно со проектираното просечно годишно производство на електрична енергија.

Со цел да се земат предвид ефектите на експлоатираниот рудник врз животната средина, земјиштето од истиот треба да се врати во својата првобитна состојба. Преку оваа

мерка ова земјиште може лесно да се пренамени за изградба на фотонапонска електроцентрала (ФЕЦ) и да се користи како извор на електрична енергија од обновливи извори. Со изградбата на ФЕЦ на локација Осломеј ќе се зголеми учеството на обновливите извори на енергија за 10 MW. Трошоците за изградба на ФЕЦ значително ќе бидат намалени заради искористување на постојната инфраструктура од ТЕ Осломеј.

Заради користењето на новопредвидената локација за фотонапонска електроцентрала на ТЕЦ Осломеј има потреба на предвидување на нови инфраструктурни траси кои се предмет на разработка на овој проект за инфраструктура, односно пристапен пат со должина од 1 km, електричен кабел со должина 817 m', со моќност од 35 kv кој ја поврзува фотонапонската електроцентрала (Одобрена Планска програма за изработка на Државна урбанистичко – планска документација за изградба на Фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, на дел од КП 2459, КО Србица – вон град., Општина Кичево од Министерство за транспорт и врски, Потврда за заверка на истата со арх.бр. 24-2579/3 од 20.03.2020 година), со трансформаторска станица надвор од планскиот опфат, како и водоводна инфраструктурна траса со должина од 854 m', која исто така ќе биде поставена во функција на фотонапонската електроцентрала Осломеј.

Инфраструктурниот проект покрај тоа што ќе обезбеди пристап до Фотонапонската централа која е опфатена со друга урбанистичко планска документација - Државна урбанистичко – планска документација за изградба на фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, на дел од КП2459, КО србица – вон г.р., Општина Кичево. (оддобрена Планска програма со потврда за заверка од Министерство за транспорт и врски со арх.бр. 24-2579/3 од 20.03.2020 година), новопланираната инфраструктура ќе се надоврзе на веќе постоечките сообраќајни правци, односно кон Управната зграда на РЕК Ослмеј, постоен пат кон село Србица, како и кон веќе постоечките ископните локалитети на РЕК Осломеј.

Урбанистичко - проектната документација за просторот кој го опфаќа локалитетот **Проект за инфраструктура за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП2459 и КП2458, КО Србица – вон град. и на делови од КП882 и КП885, КО Осломеј, за пристап до планирана Фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, Општина Кичево** е на терен со благ пад, кој е градежно неизграден.

Дефинираниот простор за изработка на наведениот проектен документ зафаќа површина од 15606m2, односно 1,56ха.

Од анализата на постојната состојба произлегуваат следните заклучоци:

Во рамките на предметниот проектен опфат не се иведентирани постојни градби, земјиштето е неизградено, а низ истот се провлекува некатегоризиран земјен пат. Проектниот опфат го сечат и комунлно инфраструктурни градби во сопственост на АД ЕСМ – Скопје, односно водоводна инфраструктурна мрежа, телекомуникациска инфраструктурна мрежа и електрика.

Потребно е целосно уредување на просторот на планскиот опфат и обезбедување на основните функции.

За просторот потребно е дооформување и дополна со осовременување на инфраструктурните системи со што потребно е да се постигне повисок стандард во однос на:

- површини;
- квалитет на градба;
- употреба на материјали;
- поголеми естетски вредности;
- соодветни инсталации;
- обезбедување на сите сообраќајни услови за проточност и безбедност на сообраќајот и комплексно решавање на сообраќајот во мирување;
- поврзување со сите градски инфраструктурни системи, како и можност од реализација на нови системи;

Со изработката на **Проект за инфраструктура за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП2459 и КП2458, КО Србица – вон град. и на**

делови од КП882 и КП885, КО Осломеј, за пристап до планирана Фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, Општина Кичево ќе се уреди намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на градби во рамките на локалитетот.

Потреба од изработка на ова **Проект за инфраструктура за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП2459 и КП2458, КО Србица – вон град. и на делови од КП882 и КП885, КО Осломеј, за пристап до планирана Фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, Општина Кичево**, е вршење парцелација на постојните и новопредвидените градби во рамки на реална можност за брза реализација.

Од сите овие аспекти потребно е да се пристапи кон изготвување на урбанистичко – проектната документација - **Проект за инфраструктура за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП2459 и КП2458, КО Србица – вон град. и на делови од КП882 и КП885, КО Осломеј, за пристап до планирана Фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, Општина Кичево**.

3.5.1 Економска основа на просторниот развој

Развојот на инфраструктурните системи представува значајна детерминанта на економскиот развој и разместеноста на производните и услужни дејности. Реализацијата на Проектот за инфраструктура за изградба на електроенергетска инфраструктура, пристапен пат и водоводна инфраструктура кој ќе бидат во функција на фотонапонската електроцентрала (ФЕЦ) Осломеј, Општина Кичево, согласно определбите на Просторниот план на Република Македонија треба да биде поставена врз принципите и стандардите за заштита на животната средина и одржлив развој применувајќи ја соодветната законска регулатива.

3.5.2. Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на енергетика и енергетска инфраструктура со Просторниот план на Р. Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начинот на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Македонија. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Р.Македонија над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрување на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

3.5.3 Заштита на земјоделско земјиште

При изработка на проектната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плоднос на земјиштето.

3.5.4. Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Нарушувањето на природните процеси во животната средина се јавува како последица на нерационалното искористување на природните ресурси и животниот простор, преку: деградирање на почвените површини под дејство на природниот или антропогениот фактор; пренамена на земјоделско земјиште со висока бонитетна класа за непродуктивни или помалку продуктивни цели; примена на застарени производствени технологии во индустријата и т.н.

Одредби за спроведување на Просторниот план на Република Македонија кои треба да се почитуваат при изработката на Проект за инфраструктура за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП2459 и КП2458, КО Србица – вон град. и на делови од КП882 и КП885, КО Осломеј, за пристап до планирана Фотонапонска електроцентрала на локација Осломеј, Општина Кичево се:

- Со цел да обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на Инфраструктурниот проект за изградба на електроенергетска инфраструктура, пристапен пат и водоводна инфраструктура кој ќе бидат во функција на фотонапонската централа (ФЕЦ) Осломеј, Општина Кичево, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.
- Да се внимаава да не дојде до искористување на земјиштетп на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на изградба, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терн со вегетација и оградување на нагибите.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Да се обезбеди организирано управување со отпад со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Да се обезбеди заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во просторот во насока на зачувување на амбиеталните, естетските и рекреативните потенцијали во просторот.

Концептот за заштита на животната средина се базира на општите и посебни цели и насоки за заштита на посебните природни вредности, меѓу кои амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот. Токму затоа, при планирањето на **Проект за инфраструктура за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП2459 и КП2458, КО Србица – вон град. и на делови од КП882 и КП885, КО Осломеј, за пристап до планирана Фотонапонска**

електроцентрала на локација Осломеј, Општина Кичево потребно е да се има во предвид следната законска регулатива:

Концептот е во директна зависност од природните фактори, конфигурацијата на теренот, можностите за просторна композиција, како и специфичната намена на просторот, технологијата на работа и посебните барања во однос на

организација и намена на просторот коишто од тоа произлегуваат. Концептот е поставен врз принципите на одржливиот развој, а е условен од мерките на заштита на животната средина, заштита и спасување.

Концептот со соларна енергија е предложен поради поволните услови, со оглед на тоа дека предметниот опфат се наоѓа на неизградено и неискористено земјиште во рамките на ТЕ Осломеј, до кое може лесно да се спроведе соодветен пристап и инсталации, е погодно за спроведување на урбанизација, односно да се користи за изградба на фотонапонска електроцентрала (ФЕЦ) и да се користи како извор на електрична енергија од обновливи извори. Со изградбата на ФЕЦ на локација Осломеј 2 ќе се зголеми учеството на обновливите извори на енергија за дополнителни 10 MW.

Искористувањето на конфигурацијата на теренот и другите природни фактори и вклопувањето на предвидените објекти во тој амбиент дава можност за добар просторен развој и производни капацитети.

Непосредната близина на локацијата до главните патни правци во државата, постоечката трафостаница на веќе оперативната електрана се надоврзува на економската оправданост на реализацијата, давајќи пристап на веќе обучена работна сила. Реализацијата на планот ќе го обнови неплодното земјиште со двоен позитивен ефект врз животната средина, ќе придонесе за зајакнување на енергетската независност на Р.С.Македонија и ќе помогне во постигнувањето на европските емисии на стаклени̇чки гасови и еколошките цели и заложби на државата.

2.1. Опис на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела

Проектниот опфат се разработува во една целина. Врз основа на насоките од одобрената Проектна програма, а согласно Правилникот за урбанистичко планирање, урбанистичкиот проект во границите на проектниот опфат за површините за градба предвидува една наменска употреба на земјиштето кое е дефинирано како парцелирано градежно земјиште, односно една градежна парцела со намена:

- Група на класи на намени: **Е** - Инфраструктури;
- Класа на намена: **Е1**-Сообраќајни, линиски и други инфраструктури, односно **Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани.**

Намената во наменската зона во планот е распоредена како што следи:

Е1.13 - фотонапонска електроцентрала до 10 MW = 183088.37m² (100.0%).

Основната дејност во градежната парцела ќе биде производство на електрична енергија, со директно користење на енергијата на сонцето и истата се категоризира како обновлива. Фотонапонската конверзија претставува директна трансформација на светлосната енергија во електрична, а материјалите или уредите со чија помош ќе се врши конверзијата се познати како соларни ќелии, фотоволтаици, фотоелементи.

Со оваа урбанистичко-проектна документација се утврдува простор во рамки на градежната парцела определен со градежна линија при што графички означената површина за градба е поголема од нумеричката вредност дадена во

табелата и истата означува граница до каде можат да се планира градбата/е во градежната парцела, условени со дадените нумерички вредности.

Во рамките на градежната парцела возможно е поставување на други супраструктурни градби како комплементарни намени во служба на основната - фотонапонска електроцентрала: контролни станици, трафостаници, помошни простории, простории за надзор и обезбедување, останати машински простории и сл. што е во согласност со член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање.

Во рамките на градежната парцела дозволено е и поставување на секаков вид на комунална инфраструктура како комплементарна намена во служба на фотонапонската електроцентрала. Дозволено е и поставување на столбови за осветлување, канделабри, камери за надзор, антенски столбови и било каков вид на инфраструктурни инсталации со кои не се обsидува затворен корисен простор. Местоположбата и висината на овие градби не се условени со зададениот простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, како ни со максимално дозволената височина на градбите. Сепак, од аспект на безбедност на воздушниот сообраќај, инсталациите не смеат да бидат со височина поголема од 15m.

2.2. Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на паркинг места

Собраќајно, проектниот опфат ќе се поврзе преку планиран пристапен пат на локацијата за кој е изработен и одобрен *Проект за инфраструктура за изградба на електроенергетска инфраструктура и пристапен пат на делови од КП 2459 и КП 2458, КО Србица-вон град и на делови од КП 882 и КП 885, КО Осломеј, за пристап до планирана ФЕЦ на локација Осломеј, општина Кичево, изработен од ДТУ БИЛД УРБАН дооел Скопје, со тех. бр. 0801/214/19 од декември 2020 год, Потврда за заверка бр.71-18/1-2021 од 04.1.2021 год*.

Проектот за инфраструктура за пристапниот пат како и ДУПД за ФЕЦ Осломеј се од истиот нарачател на предметниот урбанистички проект. Пристапниот пат ќе се користи само за предвидената намена и привремено додека се изградат парцелите, односно постават предвидените градби, а потоа ќе се користи само интервентно.

Стационарниот сообраќај - паркирањето е предвидено во рамките на градежната парцела, а се планира според дефинираната намена на земјиштето и Правилникот за за урбанистичкото планирање (Сл. Вес. на РСМ бр.225/2020 и бр.219/2021).

Сообраќајното решение треба да е усогласено со условите на локацијата.

Проектното решение на внатрешниот динамичен и стационарен сообраќај во градежната парцела е прикажан во графичкиот прилог - ситуација во проектниот дел (идеен проект) од урбанистичко проектната документација.

Со нивелманскиот план дефинирани се висинските коти кои што се преземени од геодетската подлога. Нивелманското решение на градежните парцели ќе произлезе од композиционото урбанистичко решение, како и од постојната состојба (конфигурацијата на теренот).

Нивелацијата на внатрешните сообраќајници во рамките на градежната парцела е прикажана во графичкиот прилог - ситуација во проектниот дел (идеен проект) од урбанистичко проектната документација.

Кота на приземната плоча ±0,00m или нулта точка во однос на која се мери височината до хоризонталниот венец на градбите ќе се одреди во понатамошните фази на реализација – при изработка на основен проект, при што истата се одредува поединечно за секоја градба; за фотоволтаичните панели се одредува за секој панел поединечно, во однос на теренот на лице место. За останатите супраструктурни градби (контролни станици, трафостаници, помошни простории, простории за надзор и обезбедување, останати машински простории и сл.), котата на приземна плоча се одредува во однос на заштитниот тротоар на самата градба во рамките на градежната парцела.

2.3. Партерно решение со хортикултура

Во прилог на уреденост на пределот и неговите визуелни аспекти, вегетацијата на сите слободни неизградени делови од градежната парцела кои се надвор од просторот неопходен за функционирање на енергетскиот комплекс се предвидува да се задржи и дополнително да се посади со ниско и високо зеленило. Минимален процент на озеленетост што треба да се обезбеди во градежната парцела е 20% во согласност со тековниот Закон за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18). Партерното уредување во градежната парцела предмет на овој урбанистички проект е прикажано во проектниот дел - графички прилог ситуација во идејниот проект.

2.4. Водови и инсталации на инфраструктурите

- **Комунална хидротехничка инфраструктура**

Деталите на развојот, диспозицијата и димензионирањето на инфраструктурните градби, линиски водови и приклучоци ќе се дефинираат со основни проекти во следна фаза на разработка, а во соработка со стручни служби и добиени насоки од надлежни институции.

При процесот на изградба на фотонапонскиот систем ќе се продуцира отпадна вода при изведбата на градежните активности и при одржување на хигиената на вработените лица на самата локација. Инвеститорот се условува да обезбеди соодветен третман за прочистување (согласно законската регулатива) на сите отпадни води што ќе се создаваат од сопствениот технолошки процес, како и фекалните и атмосферските отпадни води во парцелата. Отпадните води кои се испуштаат во најблискиот реципиент, задолжително да подлежат на претходен механички, физички, биолошки и микробиолошки третман.

- **Електроенергетска и телекомуникациска инфраструктура**

Деталите на развојот, диспозицијата и димензионирањето на инфраструктурните градби, линиски водови и приклучоци ќе се дефинираат со основни проекти во следна фаза на разработка, а во соработка со стручни служби и добиени насоки од надлежни институции. Снабдувањето со електрична енергија на разгледуваниот простор во проектниот опфат ќе се врши преку постоечка трафостаница лоцирана во непосредна близина североисточно од опфатот која е во состав на вкупниот комплекс на рудникот и термоелектраната во Осломеј. Водовите и градбите од електроенергетската инфраструктура во рамките на градежната парцела се прикажани подетално во проектниот дел на урбанистичкиот проект (идеен проект).

3. Детални услови за проектирање и градење

- Во проектниот опфат се планира една градежна парцела:

<u>Градежна парцела бр. 2</u>

- Влез од пристапен пат, планиран за влез во ФЕЦ Осломеј 1;
- Класа на намена: **Е1.13** - површинска фотонапонска електроцентрала до 10 MW
- Површина на ГП .....= 183088.37m²
- Максимална површина за градење во приземје .....= 146471.00 m²
- Вкупна изградена површина на сите надземни нивоа .....= 146471.00 m²
- Максимална спратност .....= П
- Максимална висина .....= 4,0 m
- Максимален процент на изграденост ..... 80,0 %
- Максимален коефициент на искористеност..... 0,80
- Минимален процент на озеленетост ..... 20,0 %

- **Во градежната парцела утврден е простор определен со градежна линија (рамковна површина) при што графички означената површина за градба е поголема од нумеричката вредност дадена во табелата и истата означува граница до каде можат да се планираат градбите во градежната парцела при спроведување и реализација на урбанистичкиот проект, а условени со зададениот процент на изграденост и другите нумерички вредности.**
- Во границите на градежната парцела дозволено е поставување на други градби како **комплементарни намени** во служба на основната класа на намена што е во согласност со член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање: контролни станици, трафостаници, помошни простории, простории за надзор и обезбедување, останати машински простории, како и поставување на секаков вид на комунална инфраструктура. Дозволено е и поставување на столбови за осветлување, канделабри, камери за надзор, антенски столбови и било каков вид на инфраструктурни инсталации со кои не се обсидува затворен корисен простор. Местоположбата и висината на овие градби не се условени со зададениот простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, како ни со максимално дозволената височина на градбите. Сепак, од аспект на безбедност на воздушниот сообраќај, инсталациите не смеат да бидат со височина поголема од 15m.
- **Паркирањето** на моторните возила е предвидено во рамки на градежната парцела. Со идејното решение, составен дел на овој урбанистички проект предвидени се 5 паркинг места прикажани во графичкиот прилог - ситуација. При спроведувањето на урбанистичкиот проект со основен проект доколку се утврди потреба може да се промени бројот и позицијата на паркинг просторот според претходно дефинирана Проектна програма, а во согласност со одредбите во член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.вес.бр.225/2020 и бр.219/2021).
- **Кота на приземната плоча** ±0,00m или нулта точка во однос на која се мери височината до хоризонталниот венец на градбите ќе се одреди во понатамошните фази на реализација - при изработка на основен проект, при што истата се одредува поединечно за секоја градба; за

фотоволтаичните панели се одредува за секој панел поединечно, во однос на теренот на лице место. За останатите супраструктурни градби (контролни станици, трафостаници, помошни простории, простории за надзор и обезбедување, останати машински простории и сл.), котата на приземна плоча се одредува во однос на заштитниот тротоар на самата градба во рамките на градежната парцела.

- Дозволено е оградување на градежната парцела, а во согласност со одредбите во член 113 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.вес.бр.225/2020 и бр.219/2021).
- Доколку при реализацијата на проектната документација се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Р.С. Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16). Ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен:
    1) Да го пријави откритието во смисла на членот 129 став (2) на овој закон.
    2) Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап.
    3) Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.
- Доколку при изработка проектната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.
- При реализација и спроведување на планската документација да се почитува Законот за водите (Службен весник на Р.М. број: 7/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16).
- Се задолжува корисникот да обезбеди комплетен третман на отпадните води пред испуштање, во согласност со важечката законска регулатива. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Отстранувањето на градежниот шут и поголеми количини на отпадоци при изградбата ќе го врши директно на своја сметка причинителот на истите и тоа дирекно во регионалната депонија под услови кои ќе ги одреди управувачот на депонијата.
- При издавање на Извод од планот за предметната градежна парцела, задолжително да се достават и почитуваат сите мислења и согласности, добиени од надлежните институции за овој проектен опфат.

4. Мерки за заштита

4.1. Мерки за заштита на животната средина

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природни и создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба и други објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина.

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од “пасивниот” пристап со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целина, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.

Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на Р.М. (член 8) е регулирана со Законот за животна средина (Сл.в. на Р.М. бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.48/10, бр.124/10 и бр51/11). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- Закон за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 39/16)
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на РМ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 51/11, 100/12,163/13)
- Закон за водите (Службен весник на РМ бр.87/08, 6/09, 161/09, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 52/16)
- Закон за управување со отпад (Службен весник на РМ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 09/11, 51/11, 123/12, 163/13,39/16)
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Службен весник на РМ бр. 79/2007, 124/10, 47/11, 163/13)
- Закон за заштита на природата (Службен весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/163, 163/13, 146/15, 39/16, 63/16)

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања на животната средина.

4.1.1 Мерки за заштита на почвата

Чиста и незагадена почва претставува еден од важните предуслови за заштита на животната средина. При изградба на новопредвидените содржини да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води.

Загадување на почвата од процесот на изградба и работењето на новопредвидените градби не се очекува затоа што со комуналниот отпад и другите видови на отпад којшто ќе се генерира при изградбата на фотонапонскиот систем и при работата ќе се постапува согласно законските прописи. Почвата и околната вегетација нема да бидат деградирани, а самата локација на која се предвидува изградбата на фотонапонската електроцентрала во минатото веќе била подложена на влијанија преку ископ на јаглен и одлагање на вишокот јаловина.

Влијанијата врз квалитетот на почвата за време на градежните активности може да се очекува од: емисија на издувни гасови и проетекување на горива и лубриканти од механизација како и во случај на несреќи и хаварии.

Во оперативната фаза на фотонапонската електроцентрала не се очекуваат влијанија во почвата.

Поради наведените влијанија се препорачува примена на следниве мерки:

- Контрола на исправноста на градежната механизација и транспортните возила;
- Прекин на работните активности при неконтролирано излевање на гориво, масло, лубриканти и хемикалии;
- Санацијата на загадената почва да се изврши со собирање на загадениот слој на почва, посипување со песок и отстранување, при што со загадениот материјал ќе се постапува како со опасен отпад;
- Поставување на мобилни тоалети на локацијата. Истите ќе се празнат од страна на овластена компанија која има обврска да ги носи фекалиите во пречистителна станица, со што ќе се обезбеди одржливо управување со отпадните води и истите се сведуваат на минимум и се избегнува евентуалната контаминација на почвата.

4.1.2 Мерки за управување со отпадот

Законот за управување со отпадот (Сл.Весник на РМ бр.68/04, 107/07, 9/11, 51/11, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15) го регулира неопходното и правилно решавање на проблемот со сметот, неговиот плански организиран современ третман на одложување, одвезување и уништување или депонирање, а со цел подобрување на квалитетот на условите за живот и работа односно за заштита на животната средина.

Согласно Законот за управување со отпад (Службен весник на Р.М. број: 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/09, 09/11, 51/11, 123/12, 47/13, 163/13, 51/15, 146/15 и 156/15), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Со цел да се подобри начинот на управување со отпадот при процесот на изведба на градежните активности, согласно законската легислатива во областа на управувањето со отпад, се препорачуваат следниве мерки:

- Селекција и класификација на сите видови отпад согласно Законот за управување со отпад (Службен весник на Р.М. број: 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/09, 09/11, 51/11, 123/12, 47/13, 163/13, 51/15, 146/15 и 156/15);
- За понатамошно постапување со селектираниот отпад од градежните активности (градежен шут), изведувачот треба да постапи согласно член 54 од Законот за управување со отпад(Службен весник на Р.М. број: 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/09, 09/11, 51/11, 123/12, 47/13, 163/13, 51/15, 146/15 и 156/15);
- За понатамошно постапување со селектираниот отпад од расчистување на трасата (грмушки и друг вид на органски отпад) да склучи договор со правно/физичко лице кое поседува дозвола за ваков тип на отпад;
- Редовно сервисирање на возилата и механизацијата во текот на изведувањето на градежните активности со цел избегнување на евентуално излевање од механизацијата, да се отстрани и предаде на собирач на опасен отпад кој има дозвола за собирање и транспорт на опасен отпад, а со кој претходно ќе склучи договор;
- За понатамошно постапување со отпадот којшто може да се појави од процесот на функционирање на фотонапонскиот систем (кабли, електричен и електронски отпад) да склучи договор со правно/физичко лице кое поседува дозвола за постапување со таков тип на отпад.

4.1.3 Мерки за заштита на воздухот

Нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. Вес. на РМ бр.141/10).Сите идни корисници на просторот треба да го почитуваат Законот за квалитетот на амбиенталниот воздух (Сл. Вес. на РМ бр.67/04 и бр.92/07)

Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух, се состои од 15 мониторинг станици, од кои три се лоцирани во Скопје, а останатите во другите градови низ Републиката. Главен извор на емисии на CO, NOx и прашина е патниот сообраќај.

Во периодот на градба, транспортот по сообраќајниците во непосредната околина и зголемената концентрација на возила ќе влијае на зголемување на

концентрацијата на присутни честици во воздухот. Вегетациската покривка изложена на висока концентрација на честици може да биде оштетена кога истите се наоѓаат во комбинација со другите присутни полутанти во воздухот, создадени како резултат на мобилните извори на загадување, посебно изразени на просторот кој е предмет на анализа. Крупните честици, како прашината која паѓа директно на површината на земјата, ја редуцираат размената на гасови и процесите на фотосинтеза што води кон редукција на растот кај растенијата. Со цел да се спречи редукција на растот кај видовите се препорачува контрола на квалитетот на воздухот и превземање на мерки за запазување на дозволените концентрации на присутни полутанти во воздухот.
Мерки и заштита од аерозагадување и зачувување на квалитетот на воздухот вградени во планот се:

- Подобрување на состојбата на зелените површини со правилен распоред, создавање на поврзан систем на зелени површини на локацијата;
- Постојана контрола на загадувачите на атмосферата и донесување програми за отстранување на причините на загадувањето;
- Користење на горива што содржат помалку штетни состојки;
- Вградување на соодветни филтри на оџаци во зависност од типот на производство.

Работата на фотопанелите не ја оптеретува животната средина, се намалува емисијата на стаклениčките гасови и се произведува чиста, т.н. зелена енергија.

4.1.4 Мерки за заштита на водите

Заштитата на водите се регулира со законски прописи за заштита на проточните и подземните води - Закон за водите (Сл. Вес. на РМ бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15). Превентивната заштита на водите при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Водовите да се постават во се според техничките нормативи и стандарди кои што ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност.
Управувањето со квалитетот на водите и воздухот индиректно ја зголемува и функционалноста на почвата, како краен реципиент на загадувачите отстранети од овие два медиума. Големи загадувачи претставуваат отпадните води од канализацијата. Затоа приоритет во заштита на животната средина е изградба на канализациони системи за прифаќање на истите:

- Проектирање и изведување на канализациона мрежа во се према важечки прописи и стандарди;
- Мерки за испитување на квалитетот на водите;
- Водотеци- земање узорци и мерење на квалитетот на водата;
- Мерки на објектите кои ја загадуваат водата;
- Заштита на квалитетот на водата на самите изворишта на загадување.

При процесот на изградба на фотонапонскиот систем ќе се продуцира отпадна вода при изведбата на градежните активности, при одржување на хигиената на вработените лица на самата локација. Количината на отпадна вода што ќе се продуцира се предвидува да биде минимална и како таква нема да предизвика контаминација на животната средина која што бара дополнителна анализа.

Критериуми од дописот од Сектор за води при МЖСПП со арх.бр.11-4094/4 од 04.11.2020 од аспект на заштита на водите, а во согласност со Законот за води што треба да се исполнат и почитуваат при спроведувањето на проектната документација:

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола и согласност изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50м од допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата нанасипот кај регулираните водотеци.
2. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.
3. Изведувањето на објекти и постројки да се врши в осогласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на наушно-техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.
4. Заради заштита на коритата и бреговите од природните водотеци, езерата и акумулациите, се забранува:
    - Да се вади чакал, песок и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и да се предизвика ерозија или оневозможи користењето на водите.
    - Да се менува правецот на водотекот без согласност од Управата за животна средина- Сектор за води.
    - Да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, без одобрение.
    - Да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10 м од внатрешната страна и 10 м од надворешната страна на ножицата на насипот.
5. Во однос на постоечките канали потребно е да се обезбеди слободен пристап по 5 м лево и десно од надворешната страна на ножицата на насипот.

Согласно Законот за води, Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти кои поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите.

4.2. Мерки за заштита на природното наследство

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на оваа планска документација, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Доколку при изработка на урбанистичкиот план или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

4.3. Мерки за справување со климатските промени

Климатски промени претставуваат долготрајни промени на временските услови следени во подолг период. Глобалното затоплување всушност ја означува најзабележителната промена на климата, односно порастот на просечната температура на воздухот, која на глобално ниво се зголемила за 0.89°C во периодот од 1901 до 2012 год. Порастот на просечната температура е предизвикан од зголеменото количество на стаклени гасови кои го апсорбираат топлинското инфрацрвено зрачење од земјата и го задржуваат во атмосферата, т.н ефект на стаклена градина. Проблемот настанува кога концентрацијата на стаклениците гасови (водена пареа, јаглерод диоксид, озон, метан, диазот оксид и други во трагови) е зголемена и на тој начин се акумулира повеќе топлина во атмосферата. Климатските промени се без сомнение една од најголемите закани со кои се соочува човештвото. Ефектите од климатските промени веќе се чувствуваат во Р.С. Македонија. Досегашните податоци покажуваат дека во последните 20 години:

- просечните температури се зголемени за 0,2 – 0,5°C,
- количествата на врнежи се во опаѓање, но со променлив распоред и интензитет се зголемува бројот на летни денови и тропски ноќи,
- се евидентира зачестена појава на топли бранови.

Мерки за ублажување (митигација) на климатските промени подразбираат активности кои ќе придонесат во намалување на емисиите на стаклени гасови кои потекнуваат најмногу од човечките активности, а тоа е согорувањето на фосилните горива, како за добивање на електрична така и за топлинска енергија, сечењето на шумите кои се единствениот извор на кислород.

На светско ниво се донесени повеќе протоколи, студии, стратегии, директиви како од Обединетите нации преку Монтреалскиот и Кјото протоколот, КОП конференциите и глобалните договори за ограничувањето на емисијата на стаклени гасови, исто така, и за гасовите кои го уништуваат озонот, а тоа се јагленофлуоровододи, најчесто од употребата во ладилната техника. Македонија како потписничка на овие договори е обврзана истите да ги спроведува.

Обновливите извори на енергија се начин на решавање на климатскиите промени, а во исто време и начин за намалување на загадувањето на човековата околина. Во обновливите извори на енергија спаѓаат: сончевата енергија, енергијата од ветерот, биомасата, биоенергијата, геотермалната енергија, хидроенергијата, морските бранови и струи, плима и осека. Најеколошка енергија е сончевата енергија и е далеку поголема во однос на сите други видови на обновливи енергии заедно. Таа е најобилен, неисцрпен, бесплатен и обновлив извор на енергија, која не ја загадува околината.

Вкупната енергија што доаѓа кон Земјата (1.73·1017 W) односно 1.5·1021 Wh/god. Оваа енергија е околу 8 000 пати поголема од вкупните потреби за енергија на земјата или за еден час од сонцето пристигнува енергија која ги задоволува вкупните потреби за енергија на земјата. Уредите во кои се врши апсорбирање и трансформирање на сончевото зрачење во топлина или електрична енергија, се нарекуваат сончеви термални колектори или фотоволтаични панели.

Р.С. Македонија спаѓа во регионите со најповолни климатски услови за искористување на сончевата енергија со потенцијал од 2000 до 2400 сончеви часа за цела година. Ова овозможува широк спектар на употреба на овој вид на

енергија. Вкупниот потенцијал на сончева енергија во Македонија се проценува на околу 10 GWh годишно или 1500 kWh/m² - максимална вредност на сончевото зрачење.

4.4. Мерки за заштита на културното наследство

Доколку при реализацијата на планот се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Р.С. Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16).

Член 65 од Законот за заштита на културното наследство:

(1) Ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен:

1. Да го пријави откритието во смисла на членот 129 став (2) на овој закон.
2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

(2) По исклучок на ставот (1) на овој член, ако предметите се ископани, односно извадени заради нивна подобра заштита или со оглед на околностите, изведувачот на работите е должен:

1. Да ги предаде откриените предмети при нивно пријавување или тоа да го направи при идентификацијата во смисла на членот 66 на овој закан, а до предавањето да превземе мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се отуѓат и
2. Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и полажбата на предметите во времето на откривањето и за окалностите под кои тоа е направено.

4.5. Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидност

Формулацијата на барањето експлицитно укажува на тоа дека се работи за архитектонски, а не урбанистички проблем. Составен дел на урбанистичките планови се конкретни мерки за создавање услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на планскиот опфат. Сепак како планска урбанистичка мерка се предлага по ширината на пешачките премини преку коловозите, меѓу тротоарите и коловозите да нема рабови, туку да се предвидуваат рампи со најголем наклон од 20% или во однос 1:5, а оптимален наклон од 8,33 или во однос 1:12, како би можеле инвалидските колички да ја совладаат денивелацијата меѓу коловозите и тротоарите во согласност со поглавје 13 (членовите 188-196) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.225/2020 и бр.219/2021).

Исто така потребно е вградување на овие рампи во сите производни и непроизводни објекти со цел истите да бидат достапни за инвалидизирани лица, особено во оние објекти каде се очекува нивно вработување.

4.6. Мерки за заштита и спасување

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 93/12 Пречистен текст) се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Р.С. Македонија.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни мерки за заштита и спасување, кои се карактеристични за локацијата и условите каде треба да се градат предвидените објекти согласно намената на комплексот, согласно член 61 од Законот за заштита и спасување и подзаконските уредби и други правни прописи од оваа проблематика, кои се однесуваат на:

1. Урбанистичко-технички мерки се:

- засолнување
- заштита и спасување од техничко технолошки несреќи
- спасување од сообраќајни несреќи
- заштита и спасување од урнатини
- заштита и спасување од поплави
- заштита од неексплодирани убојни и експлозивни средства
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- други мерки за заштита и спасување што би се појавиле при и по природните непогоди, епидемии, епзоотии, епифитотии и други несреќи, а не се предвидени со овој закон

2. Хуманитарни мерки се:

- евакуација
- згрижување на настраданото и загрозеното население
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- прва медицинска помош
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
- асанација на теренот

1. Урбанистичко технички мерки

- **Засолнување**

Република Македонија има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

- **Заштита од воени разурнувања, природни и техничко технолошки катастрофи**

Локацијата за која што се изработува планската документација се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства и индиректно загрозени простори од воени дејства. Постои можност и за технолошки катастрофи, со оглед на намената на просторот.

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко-технолошките несреќи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на индустриски објекти, редовно одржување на инсталациите и опремата, како и примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа.

Оперативни мерки за заштита и спасување од техничко-технолошките несреќи се активностите за спречување на настанување и намалување и отстранување на предизвиканитепоследици.

Потребно е стручно ракување со сите уреди и постројки. Инфраструктурните водови во редовни услови не предизвикуваат штетни влијанија бидејќи претставуваат подземни инсталации. Случајните инциденти може да се идентификуваат како инциденти со оштетувања на инфраструктурните водови во случај на интервенција или механички оштетувања. Овие инциденти немаат битно влијание врз околината, бидејќи можна е брза реакција и запирање на течењето вода преку вентилски уреди. Можна е брза санација и на вод во кој се водат отпадните води.

Инфраструктурните водови да се водат на пропишани сигурносни растојанија во јасно дефиниран инфраструктурен коридор, така да можните оштетувања ќе се сведени на минимум. Инфраструктурните водови мора да се постават према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлотацијата, ракувањето и одржувањето.

- **Спасување од сообраќајни несреќи**

Спасувањето од сообраќајни несреќи опфаќа мерки и активности за спасување при настанати големи несреќи во патниот, железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај во кои има поголем број повредени и загинати лица и/или е предизвикана голема штета. Во овој плански опфат од овој УПВНМ не се очекуваат сообраќајни несреќи од железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај, најголема е веројатноста од настанување на сообраќајни несреќи во патниот сообраќај.

Оперативните мерки заспасување се активности за извидување, пронаоѓање и извлекување на повредените и загинати лица укажување прва медицинска помош и транспорт до соодветните здравствени установи, како и учество при отстранување на последиците предизвикани од сообраќајните несреќи.

- **Заштита и спасување од урнатини**

Согласно Уредбата за спроведување на спасувањето од урнатини (Сл.Весник на РМ бр.100/10), се уредува организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување.

Превентивни мерки за спасување од урнатини се применуваат на објекти кои можат да бидат изложени на разни дејствија кои предизвикуваат урнатини и тоа од природни непогоди, технички катастрофи, воени дејствија. Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирањето на просторот. Во урбанистичкиот план е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на собраќајниците, врз основа на што се изработува планираното решение.

При планирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини.

Анализираниот простор се наоѓа во подрачје скаде се можни потреси со јачина до 8º по МКС, што наметнува да се предвидуваат асеизмични градби, како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на уличната мрежа треба да обезбедат:

-брза и непречена евакуација на луѓето (вработените)
-брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила
-непречена интервенција во кругот на катастрофата,
-штетите да се сведат на минимум,
-брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на Основниот проект.

Потребни се геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања на теренот.

- **Заштита и спасување од поплави**

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

- **Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства**

Заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и

трнспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

- **Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи**

Заштитата и спасувањето од пожари, неексплодирани убојни и експлозивни средства опфаќа мерки пропишани мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/ 08, 124/ 10 и 18/11) и Законот за пожарникарство (Сл. весник на РМ бр: 67/04 и 81/07), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилникот за техничките нотмативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. Весник на РМ бр. 31/06), Правилник за суштинските барања за градежните објекти (Сл. Вес. на РМ бр. 74/06) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Оваа одредба ги опфаќа сите објекти, освен станбените и јавните објекти со висина до 12м (согласно Правилник за стандарци и нормативи за проектирање (Сл. весник на РМ бр.60/12, бр.29/15, бр.32/16, бр.114/16) и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица согласно Законот за градење.

За објектите за кои не се изработува елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи се применуваат важечки мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Во објекти и простори во кои што се произведуваат, преработуваат, користат и складираат опасни материи, ако природата на работата не е поврзана со таква потреба, се забранува употреба на отворен оган, светилки со пламен и средства за палење, користење на грејни уреди со отворен оган, вжарена и прекумерно загреана површина, складирање на материи со опасност од самозапалување, користење уреди и инсталации кои можат да предизвикаат пожари и експлозии, движење и престој на неповикани лица и употреба на алат кој создава искри.

Запалливи материи не треба да се складираат на отворен простор поблиску од 6 метри од објектот, на мансардите во згради, столбишта, ходници и други комуникации. Отпадните и други запаливи материи треба да се отстрануваат, односно складираат на посебно определени противпожарно обезбедени места, кои не претставуваат опасност за непосредната околина.

Физичките лица при употреба на уреди, средства и отворен оган, се должни истите да ги користат на начин да не ја загрозуваат околината и да не предизвикаат пожари или експлозии.

Инсталациите, уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Уредите, инсталациите опремата и средствата, за ППЗ заштита задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Основниот проект за секоја поединечна градба.

Со цел за поефикасна заштита задолжително е предвидување на современа громобранска инсталација на сите поголеми градби и нејзино континуирано одржување.

Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

-брз и непречен пристап до градбите на ПП возила и другата ПП опрема во комплексот како би се овозможило кружно движење на истите;

